РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ: КИРИЛ И МЕТОДИЛ“
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

# *СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС*

**Скопје, Октомври 2014 година**

**СОДРЖИНА**


МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ..... 5

Принципи на процесот на стратешко планирање ..... 7

Основни активности на процесот на изготвување на Стратегијата ..... 9

Учесници во процесот ..... 10

1.ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ..... 11

1.1 ИСТОРИЈАТ, КУЛТУРЕН ПРОФИЛ И ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..... 11

1.2 ДЕМОГРАФСКА, ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И КОМПАРАТИВНИТЕ ПРЕДНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ..... 14

1.2.1 ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ..... 14

1.2.2 СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА (ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ И ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО) ..... 16

1.3 СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ..... 18

1.4 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ..... 19

2. КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ..... 21

3.КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА И ДРУГИ АСПЕКТИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ..... 23

4.СОСТОЈБА И КАПАЦИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МСП ..... 28

4.1 СОСТОЈБА ВО ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ..... 29

4.1.1 Наоди од теренското истражување – бизнис сектор ..... 31

4.1.2 Наоди од теренското истражување – граѓани ..... 33

4.2 ФУНКЦИИ И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ОД АСПЕКТ НА ЛЕР (ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ) ..... 35

4.2.1 ФОРМИ НА ПОДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ..... 36

4.2.2 ПЛАТФОРМИ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЛЕР ..... 37

4.3 НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ..... 37

5.СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ..... 39

5.1 ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ..... 41

5.3 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА АТРАКТИВНО-МОТИВСКИ ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ................ 48
6.МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ................................................................ 50
6.1 МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА НА НИВО НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ..................... 51
6.2 ФОРМИ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА (МОС) ................................................................ 52
6.3 ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА .................................................. 53
*Препораки за развој на меѓуопштинска соработка* .................................................................. 53
*7.* SWOT анализа на развој на локалната економија, туризмот и претприемништвото на Општина Велес .......................................................................................................................................... 55
8. ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ........................................................................................ 58
8.1 ВИЗИЈА ........................................................................................................................................ 58
8.2 МИСИЈА ...................................................................................................................................... 58
8.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ....................................................................................................................... 58
9. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ .......................................................................................................................... 60
10. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА .............. 65
11. АКЦИОНЕН ПЛАН ............................................................................................................................ 67

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Методологијата со која ќе се изработува Стратегијата за локалниот економски развој за Општина Велес ги следи: Генералната Методологија на изработка на Стратегија за локален економски развој за седум општини од вардарскиот плански регион (Велес, Градско, Лозово, Кавадарци, Росоман, Неготино, Демир Капија), *Предлог Насоките за стратешко планирање во единиците на локалната самоуправа* подготвени од Владата на Република Македонија, Генералниот Секретаријат на Владата на РМ и Министерството за локална самоуправа на РМ, е усогласена со сите тековните релевантни европски, национални и локални стратешки документи. Дополнително, Методологијата за изработка на Стратегијата за локалниот економски развој за Општина Велес ги инкорпорира карактеристиките, расположливите ресурси, потенцијалите, компаративните предности, можностите, преференциите и очекувањата на локалната заедница во областа на локалниот економски развој на Општина Велес.

Стратешкото планирање за локалниот економски развој на Општина Велес претставува темелна алатка за планирање на развојот на општина Велес, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој.

Стратегијата за локален економски развој на Општина Велес е комплексна и се однесува на одржливиот развој и функционирањето на општината и ги опфаќа сите битни прашања на локалната заедница, вклучувајќи и прашања од меѓусекторско значење (како на пример економски развој, социјална инклузија, заштита на животната средина итн).

Стратегијата за локален економски развој ќе овозможи создавање на стопански амбиент кој ќе се базира на искористување и мобилизација на постојните ресурси во одделните општини, чија круцијална компонента е креирање визија и приоритетни насоки во функција на интегралниот локален економски развој.

Наодите во оваа стратегија произлегуваат од анализа на постојната документација со која располга Општина Велес за се однесува на: постојните стратешки документи, урбанистички планови, инвестициони водичи и друга релевантна документација, како и истражување на секундарни бази на податоци издадени од Заводот за статистика и друга статистичка документација (Агенција за вработување, Агенција за преприемништво, Министерство за локална самоуправа и др.) и врз база на собрани податоци од примарно истражување со анкети и непосредни интервјуа. Анкетното истражување се спроведе електронски со претставници на бизнис сектор и населенето со цел да се утврдат перцепциите за квалитетот на услуги кои ги дава општината и можностите за нивно унапредување. Непосредните интервјуа се водени со

претставници на локалната администрација и локални авторитети. Според наодите од овие истражувања, спроведени специјално во функција на подготовката на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Велес, покрај погоре наведеното, ќе биде потребно да се посвети посебно внимание на следните области:

- Развојот на лесната незагадувачка индустрија
- Развојот на претприемништво и МСП
- Транзитниот и алтернативниот туризам
- Понатамошни усилби за подобрување на квалитетот на животната средина
- Ревитализација на стари занаети

**Причини за избор на наведените области**

Без намера да се преудицираат областите на идниот локален економски развој на територијата на Општина Велес, а во функција на објаснување на претходно наведените можни области, по извршено прелиминарно експертско скенирање, утврдено е следното:

Во минатото Велес имаше епитет на индустриски град, кој за жал веќе е минато. Со поддршка од Владата на Република Македонија и на Општина Велес се отвораат индустриски зони, а Општина Велес се промовира како атрактивна локација за привлекување на домашни и странски инвеститори.

Одличната географска местоположба, сообраќајните комуникации, близината на аеродромот Александар Велики, расположливата квалитетна работна сила, се потенцијалите кои ќе овозможат повторен развој на индустрирата, пред се во областа на лесната незагадувачка индустрија.

Транзитниот и алтернативниот туризам се области на кои треба да се посвети посебно внимание со оглед на местоположбата на Општина Велес, како раскрсница на поголем број сообраќајни и железничи релации. Особено важен сегмент во развојот на туризмот во Општина Велес се изградените сместувачки капацитети покрај Езерото Младост, како и планираната изградба на нови објекти. Во прилог на овие констатации се и активностите на општина Велес за урбанизација на брегот на Езерото Младост, како и обезбедувањето доволни количини квалитетна вода за пиење од водоводната мрежа на Општина Велес. Во Велес преку целата година се одржуваат голем број на манифестации не само со национален, туку и интернационален карактер, меѓу кои е една од најзначајните меѓународни поетски манифестации "Рационови средби", потоа меѓународниот фестивал на античка драма "Стоби", Вардарската Регата, сликарските колонии, Меѓународниот Фолкорен фестивал, Манифестацијата Питијада, итн. Големиот број цркви, манастири, богатата историја, музеите и спомен куќите, природните реткости, се можности кои треба да се искористат при развојот на туризмот во Општина Велес.

Општина Велес има историска традиција за изработка на глинени производи, како бардаци, стомни, глинени тави, тули за градежништво. Подобрувањето на квалитетот на живот довел дел од овие производи (бардаци, стомни, глинени тави) скоро и да не се користат, но тие претставуваат туристичка атракција и може да се промовираат како сувенири. Голем потенцијал нуди можноста да се рестартираат производните погони за производство на тули, кои според зборовите на градежниците се едни од најдобрите на просторот на Балканот. Велешките градежници – мајстори се надалеку познати и прочуени по квалитетот на работата и изгардените објекти.

Општина Велес располага со доволни ресурси, знаење и квалитетна работна сила за реализирање на насоките кои би се добиле од Стратегијата за локален економски развој.

## Принципи на процесот на стратешко планирање

Процесот на изготвување на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Велес, со Акционен план, за периодот 2015-2020 година се заснова на следниве четири основни принципи:

- **Предлог на вредности.** Стратегијата и Акциониот план треба да понудат предлог-мерки и активности кои ќе создаваат нова вредност, препознатлива од чинителите и објективно мерлива. Овие вредности треба да одат во насока на правење крупен, позитивен исчекор во развојот на Општина Велес.
- **Идентификација на клучните надлежности и способности.** Предлогот на вредности треба да е силно поддржан од соодветни способности и вештини на носителите и корисниците на конкретните мерки и активности вградени во Стратегијата и Акциониот план.
- **Посветеност на менаџментот на сите партнери-учесници во изработката и реализацијата на Стратегијата и Акциониот план.** Идентификацијата на предлог-вредностите, поединечните надлежности и способности на секој од партнерите се основа на процесот на изготување и реализација на Стратегијата и Акциониот план, со зацртани цели и идентификувани главни мерки и активности како истите да се реализираат. Но сето тоа не е возможно без огромна посветеност на лидерите и менаџментот на сите партнери-учесници во процесот.
- **Мерење на степенот на остварување на Стратегијата и Акциониот план.** Значаен дел од Стратегијата и Акциониот план ќе биде мерењето на напредокот во нивната реализација во однос на предвидената динамика. Ова е значајно, како заради добивањето на повратна информација на одговорните за реализација на самата стратегија во поглед на задржување на однапред планираните активности и нивната динамика, така и во поглед на тоа колку се достижни зацртаните цели и какви евентуални прилагодувања и измени на Стратегијата и Акциониот план е потребно да се направат.

Дополнително, процесот на изготвување на Стратегијата и Акциониот план ги зеде предвид и се темелеше на:

- Партнерска вклученост на сите чинители во постапката на изработка на Стратегијата и Акциониот план;
- Јасно дефинирани и релевантни цели;
- Одржливост на предвидените цели, мерки и активности;
- Остварливост на целите;
- Временско ограничување на мерките и активностите;
- Транспарентност на постапката.

При подготовката на Стратегијата за локалниот економски развој се почитуваа и следните значајни принципи, кои понатаму треба да се применат и при нивната имплеметација:

- Законитост и прифатливост
- Чувство на сопственост
- Одржливост
- Квалитет
- Ефикасност и ефективност
- Интегриран процес на планирање на развојот – процес на партиципативно планирање обединувајќи ги стратешките цели за развој на релевантните чинители на локално ниво
- Сеопфатно планирање на развојот
- Човеков развој
- Одржлив развој – пристап насочен кон подеднакво задоволување на социјалните и економски потреби на различните генерации;
- Практика на добро владеење
- Почитување на човековите права
- Отвореност и недискриминација
- Иновативност, креативност и динамичност
- Флексибилност и одговорност
- Професионалност и тимска работа
- Почитување, разбирање и поддршка
- Слобода во изборот
- Партнерство и комуникација
- Транспарентност и точност
- Контрола и следење
- Финансиска поддршка
- Следење на имплементацијата на надворешните процеси

**Основни активности на процесот на изготвување на Стратегијата**

Процесот на изготвување на Стратегијата и Акциониот план се реализираше преку следниве структурирани активности:

- одржување координативен состанок со претставниците на Центарот за развој на вардарскиот плански регион, градоначалниците од општините за кои се изработуваат стратегиите и лицата вработени во секторите за локален економски развој
- прецизно определување на целните групи со соработка со одделните општини
- изработка на анкетни прашалници за одделните целни групи
- одржување работни состаноци во Општина Велес. Иницијалните состаноци се планирани со Градоначалникот и вработените задолжени за ЛЕР и финансии, со цел остварување партиципативен пристап при креирање стратешки документи и општински политики, одредување контакт лице задолжено за комуникација, обезбедување на потребните влезни информации, заедничко организирање работни средби со целните групи со економскиот оператор при изработката на стратегијата,
- спроведување теренско истражување со примена на: анкети, интервјуа
- изработка на SWOT анализа за Општина Велес
- анализа на постојната планска документација – стратешки планови за локален економски развој, акциони планови како и друга релевантна документација кои дадоа релевантна информативна база за досегашните планови во доменот на ЛЕР и идентификација на: целните групи на локалната заедница и пошироко, нивните очекувања, проблеми и визии за иднината
- одржување одделни работни средби со претставници на целните групи (граѓани, НВО сектор, бизнис сектор, стопански комори, земјоделци, туристички работници итн) и добивање информации за нивните идеи и очекувања од идниот локален економски развој (примена на партиципативен пристап при креирање локални политики).
- утврдување и дефинирање на приоритетните стратешките области;
- идентификување и дефинирање на Мисијата и Визијата на општината;
- утврдување на стратешките приоритети по области и цели кои го дефинираат развојот на општината и се насочени кон остварувањето на визијата;
- утврдување на предлог проектите (иницијативите) што треба да бидат реализирани поради остварување на предвидените резултати во дефинираните приоритетните области;
- дефинирање на индикаторите за успешност според кои ќе се мери напредокот во одредена област;
- обезбедување на цврста поврзаност на стратешкиот план и буџетот на единицата на локалната самоуправа, односно планираните расходи и приходи
- Дисеминација на добиените резултати од спроведените активности, односно на состојбите и перспективите на локалниот економски развој во Општина Велес.

Оваа активност вклучи една работилница, која беше одржана со претставници на локалните авторитети (Градоначалник и други одговорни лица од општината), претставници на локалната економија, потенцијални претприемачи, претставници на здруженија на граѓани и други релевантни учесници. Целта на оваа работилница беше идентификацијата на клучните цели и активности кои беа вградени во Стратегијата на Општина Велес

- изработка на прва нацрт верзија на Стратегијата за ЛЕР
- работни состаноци со Градоначалникот, вработените задолжени за ЛЕР и финансии и целните групи опфатени при креирањето на Стратегијата, со цел презентирање на изработената Нацрт верзии на Стратегијата за ЛЕР пред надлежлните авторитети и засегнатите страни – граѓански здруженија, претприемачи и претставници на локалната економија, претставници на советите на општините, во функција на добивање мислења за првично изработените Нацрт верзија на Стратегијата, како и идеи за нивно подобрување. Оваа активност цели да го олесни и овозможи процесот на прифаќање и усвојување на Стратегијата од страна на сите надлежни страни
- анализирање на добиените идеи за подобрување на Нацрт Стратегијата, прифаќање на издржаните и применливи идеи
- изработка на финална Стратегија за локален економски развој
- Завршна работилница со претставници на сите седум општини и претставници на Вардарскиот Плански Регион
- Презентација на финалните стратегии пред Советот за развој на ВПР, градоначалниците и вработените во одделите за ЛЕР

## Учесници во процесот

Стратегијата за локален економски развој на Општина Велес е изработена во партиципативен процес во кој беа опфатени поголем број учесниции разни целни групи. Пред се, поддршка и потребните информации се добиени од Градоначалникот на Општина Велес, г. Славчо Чадиев, потоа врабтените во одделението за локален економски развој, г-ѓа Јадранка Стефкова и г. Александар Анастасовски, потоа вработените од останата сектори и одделенија во Општина Велес. Вредни и значајни се информациите, ставовите и идеите за локалниот економски развој во оптината добиени од граѓаните и бизнис секторот преку спроведената on-line анкета, вработени во поголем број локални институции и претставниците од НВО секторот.

# 1.ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## 1.1 ИСТОРИЈАТ, КУЛТУРЕН ПРОФИЛ И ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- **Историјат**

Велес, како урбана населба постои од 168 год. п.н.е. Голем број археолошки докази од римско доба, праисторијата и во целиот период до денес, сведочат за постоењето на цивилизација на пошироката територија на Велес. За споменување се ридот Кале, на денешниот јужен излез од Велес, кој бил избран како позиција за изградба на важна тврдина која служела за заштита на градот во средниот век.

Велес низ вековите ја менувал својата местоположба но секогаш гравитирал околу денешните граници. Во историјата за Велес се запишани многу случувања од античко време преку средниот век и доаѓањето на османлиите се до почетокот на развојот во средината на 19-от век. Особено бурни биле периодите пред илинденското востание, пред и по првата и втората светска војна. Индустрискиот развој започнува по втората светска војна, кога Велес важеше за најиндустриски град во Социјалистичка Република Македонија, за потоа во 90-тите години од минатиот век да го изгуби овој епитет.

Од осамостојувањето на Македонија на 8 септември 1991 година Велес се соочи со многу подеми и кризи. Стопанството, големите капацитети со стари и непродуктивни технологии не ја издржаа конкуренцијата на пазарот. Социјалните стеги, падот на стандардот, невработеноста се сеуште проблем со кој се соочува градот. Официјално името одТитов Велес било сменето во Велес на 14 септември 1996 година со Законот за територијлната поделба на Република Македонија и одредување на единиците на локалната самоуправа на Македонија.

Денес Велес е модерен град со изградена инфраструктура во којшто последниве години се прават напори за возобновување на индустријата и воспоставување нови индустриски капацитети. Отворањето на новите индустриски зони и доаѓањето на странските инвеститори одат во прилог на намалувањето на невработеноста.

- **Сакрално и културно наследство**

Во Велес се отворени првото училиште на македонски јазик, првата гимназија, првиот театар, првата библиотека, првиот музеј и првото музичко училиште.

Меѓу зачуваните средновековни споменици најпознат е манастирот Св. Димитрија (XIV век), а како архитектонска вредност, најпознатата е црквата Св.Пантелејмон (XIX век), црквата “Св.Спас”, Саат Кулата, Џамијата, Спомен костурницата, Споменикот посветен на Велешките Илинденци, сочуваната стара градска и европска архитектура, Малото мовче.

Велес е градот на големиот поет Рацин, градот во кој се одржуваат поголем број меѓународни манифестации: “Рациновите средби” со четириесет годишна традиција, Фестивалот на античка

драма “Стоби” и Фолклорниот фестивал “Велес”, меѓународните ликовни манифестации: ликовна колонија -еко арт и сликарска колонија - мал формат.

Најголем импулс во развивањето на културното опстојување на градот има театарот. Првите театарски обиди на ЈХК-Џинот денес ги издигнуваат до вистински маестрални достигнувања во оваа област актерите на театарската куќа што го носи неговото име.

- **Природно-географски карактеристики**

Велес се наоѓа во централниот дел на Република Македонија, во средното течение на реката Вардар, на надморска височина од 150 до 260 метри. Велешката котлина се наоѓа во централниот дел на Република Македонија. Од сите страни е заградена со ниски ридови, кои ја одвојуваат од Овче Поле на исток. На запад се ридовите Гроот (675м) и Баир (461м), додека на исток се Св. Илија (565м), Кршла (420м) и Барјаче (448м). На север преку Таорската клисура на реката Вардар е поврзана со Скопската котлина, додека на југ Велешката клисура е поврзана со Тиквеш. Котлината се протега на надморска височина од 165м. Зафаќа површина од 47км$^2$. Во јужниот дел на Велешката Котлина е лоциран градскиот центар Велес.

Општината Велес до 1996 година зафаќаше површина од 1.552 км$^2$ или 6% од територијата на државата. Со територијалната поделба на Република Македонија од 1996 година, од Општина Велес се издвоени новоформираните општини Богомила, Градско, Чашка и Извор, така што таа зафаќаше територија од 553 км$^2$ , односно 2,1% од територијата на Македонија. Со новата територијална поделба од 2004 година, картата на Општина Велес повторно се измени и сегашната територија, што ја зафаќа Општина Велес е со површина од 464,5 км$^2$ што преставува 1.71% од вкупната територија на Република Македонија.

Во рамките на Општина Велес се следните населени места: Башино село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Караслари, Горно Оризари, Долно Караслари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуниште, Клуковец, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Отовица, Ораовец, Раштани, `Рлевци, Рудник, Сливник, С`лп, Сујаклари, Сопот, Црквино, Чолошево и Џидимирци.

Велес лежи на главната сообраќајница на Балканскиот Полуостров по Моравско – вардарската долина. Градот лежи на транспортниот коридор 10, што му дава посебна важност и значење на макролокација. Градот Велес има добра поврзаност со сите главни и магистрални правци кој поминуваат низ Република Македонија. Покрај Општина Велес минува главниот автопат Е – 75, кој истата ја поврзува со сите поголеми градови во Македонија, Скопје; Куманово; Прилеп; Битола; Штип како и со градовите во соседните држави. Всушност Велес претставува една од главните крстосници во Македонија, како во патниот сообраќај така и во железничкиот сообраќај (раскрсница и краковите на пругата кон Гевгелија Битола и Кочани).

- **Земјишна структура**

Почвите на територијата на Општина Велес имаат хетероген состав. Просторната разместеност на почвите се карактеризира со четири педографски реони:

- Рамничарските терени се среќаваат во сливот на реката Тополка и во Повардарието
- Падинските терени се застапени во Повардарието и во сливот на реката Бабуна
- Брановидно ридските терени се карактеристични за сливот на Отовичка Река, а делумно се присутни во средниот тек на реките Бабуна и Тополка.
- Планинските терени воглавно се наоѓаат во сливните подрачја на реките Бабуна и Тополка.

Првите три реони припаѓаат на котлините, а четвртиот на планинските предели. Продуктивноста на почвите е различна и зависи од повеќе фактори, од кои позначајни се: физичкиот и хемискиот состав, рељефот, степенот на ерозија, хидрографските услови, климата и др. Најквалитетната бонитетна класа на земја е најмалку застапена.

- **Минерални и рудни богатства**

Нема позначајни појави на метлични минерални суровини, додека состојбата со неметаличните суровини е многу поповолна. Од неметалите застапени се туларските глини, варовниците, кварцот.

- **Климатски карактеристики**

Отвореноста на општината кон север и честите продори на студени континентални воздушни маси во зимскиот дел од годината условуваат појава на ниски температури на воздухот и владеење на континентална клима со просечна годишна температура од 12 до 15 степени Целзиусови.

Просечното годишно количество на врнежи изнесува 477 мм. Во текот на годината врнежите најмногу се застапени во месец ноември, а најмалку во месец август и тоа со 61,4 односно 24,7мм просечен атмосферски талог.

Годишната просечна релативна влажност изнесува 70%, при што највисока е во зимските месеци со просек од 86%, а најниска во летните месеци со просек од 55%.

- **Хидрографија**

Општина Велес ги опфаќа подрачјата на поголемите водотеци Бабуна, Тополка и Отовица, кои заеднички припаѓаат на сливот на реката Вардар. Годишниот просечен проток на Бабуна изнесува 4,65 $м^3$/с, на Тополка 2,41 $м^3$/с и на Отовица од 1,31 $м^3$/с. Останатиот непосреден слив во реката Вардар од левата страна изнесува 1,31 $м^3$/с, а од десната страна 0,3 $м^3$/с. Просечниот годишен проток на реката Вардар кај водомерната станица кај градот Велес изнесува 83,1 $м^3$/с.

Геолошкиот состав, слабиот вегетациски покривен слој и неправилното користење на земјиштето предизвикале голем дел од општината да биде зафатен со ерозивни процеси. Вкупната годишна продукција на ерозивен нанос изнесува 688.000 $м^3$. Ерозивните процеси предизвикуваат голема загуба на плодно земјиште, осиромашување на подлогата и појава на оголени, суви и ненаселени предели.

**Река „Бабуна“**

Реката Бабуна е прогласена за карактеристичен пејсаж од Советот на Општина Велес. Локалитетот „Пешти” кој се наоѓа на реката Бабуна е живеалиште на белоглавиот орел кој е ендемичен вид и го нема на ниедно друго место на планетата, но се соочува со закана од целосно истребување. Друг ендемичен вид во регионот на општина Велес е и црниот штрк.

**Езеро „Младост“**

Локалитетот се наоѓа покрај вештачката акумулација езеро “Младост”, северно од градот Велес, на земјиште кое е во сопственост на Република Македонија. Сообраќајниот пристап е преку асфалтиран локален пат од правец на Велес кој оди по брегот на езерото, минува низ браната и продолжува до автопатот Скопје-Велес. Во рамките на локалитетот постои асфалтиран пат кој го поврзува локалниот пат со комплексот на мотели.

Локалитетот е поврзан со локалната 10kw мрежа, до него постои телефонска мрежа. Во хидрографски поглед локалитетот се наоѓа покрај акумулацијата “Младост” на реката Отавица. Урбаното планирање на езерото опфаќа: сателитска населба за домување, комерцијални содржини, угостителство и зона за спорт и рекреација.

Системите за водоснабдување користат води од главните водотеци, односно од реките Вардар, Бабуна и Тополка, од езерото „Младост", како и води од подземни изворишта и чешми. Со завршувањето на браната „Лисиче“ се надмина проблемот за водоснабдување на општината.

- **Шуми**

Шумите се национални природни ресурси .Општината располага со 40% дабова шума, 50% букова шума, 10% пошуменост со црн бор. Овие шуми служат за спречување на ерозијата, за смена на микроклиматските влијанија (во летниот период ја намалуваат температурата за 5%, а во зимскиот на зголемуваат за 5%).

## 1.2 ДЕМОГРАФСКА, ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И КОМПАРАТИВНИТЕ ПРЕДНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

### 1.2.1 ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА

- **Број на население, домаќинства и станови**

Според статистичките податоци од пописот во 2002 година, по новата територијална поделба, Општина Велес брои 55 108 жители.

Според пописот од 2002 година, во Општина Велес има вкупно 16.959 домаќинства, вкупниот број на станови е 20.717, а просечната големина на семејство изнесува 3,25 члена и бележи тренд на опаѓање. Статистичките податоци кажуваат дека во Велес во 2002 година живееле вкупно 44.820 жители на возраст од 15 и повеќе години, од кои економски активни се 24.248, а неактивни 20.572 граѓани. Во општината има вкупно 16.688 невработени лица, од кои 12.053 се од град, а 4.635 од село (податоците се од Агенција за вработување на РМ, состојба на 31.05.2005 г.);

Структура на населението според националната припадност

- 84,86 % Македонци (46 767)
- 4,37 % Бошњаци (2 406)
- 4,17 % Албанци (2 299)
- 3,13 % Турци (1 724)
- 1,45 % Роми (800)
- 0,98 % Срби (540)
- 0,62 % Власи (343)
- 0,42 % други (229)

Структура на населението според пол:

- 50,1% се од машки пол (27 632);
- 49,9% се од женски пол (27 476);

Образовна структура на населението:

Вкупно население (на возраст над 10 години) по пол и писменост:
- писмени 47 655, од кои 24 104 се мажи и 23 551 се жени;
- неписмени 1 399, од кои 406 се мажи и 993 се жени.

Структурата на население (на возраст над 15 години) според школска подготовка:
- сеуште во процес на образование - 58
- без никакво образование - 1 461
- со непотполно основно образование - 6 243
- основно образование - 12 401
- со средно - 20 491
- со вишо - 1 553
- со високо - 2 770
- магистратура - 40
- докторат - 7

Согласно процените на населението на 31.12.2013 според полот и возраста, по општини и по статистички региони, се проценува дека вкупното население на Општина Велес изнесува 54.802 лица, од кои 27.561 мажи и 27.241 жени.

- **Миграции**

Во општина Велес констатиран е значаен пораст на миграцијата од село во град во периодот на индустријализација, кој продолжил и во текот на последните години од минатиот век, како и во овој век. Во последните десетина години има процес на обратна миграција, особено на постара популација. Констатиран е и значаен пораст на миграција на работоспособно население од општината надвор од границите на Република Македонија. Внатрешните миграции во периодот од 2005 година до 2013 година во Општина Велес се презентирани во табела бр.1

**Табела 1: Внатрешни миграции - отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години**

| Внатрешни миграции : Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | | | | | | | |
| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Велес | 217 | 183 | 178 | 204 | 214 | 181 | 191 | 224 | 209 |

Извор: Државен завод за статистика

### 1.2.2 СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА (ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ И ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО)

Основни индикатори за економска активност на општината:

- БДП на ВПР е 7,8% а се проценува дека само општината Велес во вкупниот БДП на државата учествува со околу 3%.
- Активни баратели на работа се 3200 а вкупно невработени се 5,638 лица.
- Работоспособно население 35800
- Општината располага со изворни приходи од 9,8 мил. € и сса 7,2 мил. € буџетски трасфери (2013). Планираните изворни приходи за 2014 се проценуваат на 12,7 мил. €.

- **Деловни субјекти**

Бројот на активните деловни субјекти во Општина Велес варира во различни периоди. Состојбата со 31.12.2013 година е презентирана во табелата бр.2

**Табела бр.2 Активни деловни субјекти по големина во Општина Велес, состојба 31 декември 2013 година**

| Вкупно | микро | мали | средни | големи |
|---|---|---|---|---|
| 1 774 | 1 294 | 454 | 20 | 6 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 3: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.1, по општини, состојба 31 декември 2009 – Општина Велес**

| Вкупно | Земјоделство, лов и шумарство | Преработувачка индустрија | Снабдување со електрична енергија, гас и вода | Градежништво | Трговијанаголемо и мало; поправка на возила, мотоцикли, предмети за лична употреба и за домаќинствата | Хотели и ресторани | Сообраќај, складирање и врски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1737 | 100 | 200 | 2 | 57 | 806 | 73 | 169 |

Извор: Националната класификација на дејности - НКД Рев.1 е усогласена со Европската класификацијана дејности - NACE Rev.1.1, Извор: Државен завод за статистика

**Табела 4: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, поопштини, по години, состојба 31 декември 2013 година – Општина Велес**

| Опис | Број на деловни субјекти по сектори |
|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 114 |
| Рударство и вадењенакамен | 5 |
| Преработувачка индустрија | 197 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | - |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 9 |
| Градежништво | 58 |
| Трговијана големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 712 |
| Транспорт и складирање | 164 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 99 |
| Информации и комуникации | 21 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 3 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 8 |
| Стручни, научни и технички дејности | 125 |
| Административни и помошни услужни дејности | 27 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 4 |
| Образование | 31 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 89 |
| Уметност, забава и рекреација | 19 |
| Други услужни дејности | 89 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи | ... |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | ... |

Извор: Државензаводзастатистика

- **Земјоделско производство**

Состојбата во земјоделството според податоците од 2007 година е презентирана во следните табели:

**Табела 5: Попис на земјоделството, 2007 - Основни статистички податоци за земјоделството, сточарството и рибарството во индивидуалниот сектор во Општина Велес**

| Број на индивидуални земјоделски стопанства | Вкупно расположлива површина на земјиштето во ха | Користено земјоделско земиште, ха | | | | Број на оддвоени делови на користено земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Земено на користење од други | Дадено на користење од други | |
| 4237 | 5591,18 | 5108,87 | 3858,73 | 1346,79 | 96,64 | 8092 |

Извор: Државензаводзастатистика

**Табела 6: Вкупно расположливо земјоделско земјиште во Општина  Велес**

| вкупно | Ораници, бавчи и куќни градини | ливади | пасишта | Овоштарници | лозја | расадници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5108,87 | 3989,23 | 176,48 | 159,16 | 104,70 | 678,00 | 1,30 |

Извор: Државензаводзастатистика

## 1.3 СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Образовни установи и градинки**

  Образовниот процес во Општина Велес се спроведува преку: девет основни училишта, едно специјално основно училиште, едно основно музичко училиште, четири средни училишта, работнички универзитет, дисперзирани студии од факултети.

  Децата од предучилишна возраст се згрижени во шест клонови на детската градинка.

  За учениците од подалечните места во Општина Велес, како и од други општини обезбедено е сместување во ученички дом (интернат).

- **Здраствени установи**

  Здравствената заштита во општина велес се обезбедува преку распростарнета мрежа на приватни здравствени установи од примарната практика, медицинскиот центар Велес, Општата Болница Велес, Заводот за јавно здравје Велес, како и развиена мрежа на аптеки.

## 1.4 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Водоснабдување, канализација (одведување на фекални води), управување со отпад, пазари**

**Водоснабдување**

Градот се снабдува со вода за пиење од Јавно комунално претријатие „ Дервен“ Велес. Водата за пиење доаѓа од Хидросистемот „Лисиче“ а потоа е обработена во фабриката за вода во Велес.

- Квалитетот на водата за пиење секојдневно се контролира. Во функција на подобрување на квалитетот на водаат за пиење, променет е поголем дел од водоводната инсталација со голем профил.

- **Канализација**

Во градот Велес одведувањето на комуналните отпадни води од домаќинствата и од други потрошувачи се врши заедно со атмосферските води преку постојната канализациона мрежа. Индустриските отпадни води од повеќето капацитети директно се испуштаат во реката Вардар без претходно пречистување.

- **Управување со отпад**

Комуналниот отпад се одлага на комуналната депонија во близина на Велес. Во тек се активности за изградба на регионална депонија за општините од Вардарскиот плански регион со што ќе биде решен проблемот со одлагањето на комуналниот смет и на општина Велес.

Во близина на Велес постои депонија за цврст отпад.

Број на жители опфатени во системот за собирање на смет изнесува 48 500 жители од урбаниот дел.

Вкупно создаден отпад/ден - 60 тони/ ден комунален и друг вид неопасен отпад (од домаќинства, институции, комерцијален и индустриски сектор) количина на отпад по жител - 1.2 кг/ жител/ ден.

Вкупната количина на создаден комунален отпад - 22000 тони /годишно.

Вредноста на овој индикатор споредена со вредностите за развиените земји е доста висока.

Отстранувањето на цврстиот комунален и друг вид отпад во градот Велес се врши колективно и индивидуално. Депонијата за цврст отпад се наоѓа во близина на градот и не ги задоволува санитарно-техничките услови на експлоатација.

Руралните средини се соочуваат со проблеми со собирање на отпадот, а во некои собирањето воопшто го нема. Ова резултира со создавање диви депонии кои ја загрозуваат животната средина и здравјето на населението.

- **Пазари**

Во Велес постојат три зелени пазари, кои во ограничен обем секојдневно работат, а особено се активни во текот на пазарните денови (вторник, петок и недела)

- **Енергетска инфраструктура**

Велес располага со одлична електро-енергетска инфрастуктура која може да обезбеди услови за непречен економски развој. Електропреносната мрежа е составена од далеководи и трафостаници кои обезбедуваат стабилно електрично напојување.

- **Патна инфраструктура**

Велес се наоѓа на главниот коридор север-југ на балканот. Покрај Општина Велес минува главниот автопат Е – 75, кој ја поврзува со сите поголеми градови во Македонија, Скопје; Куманово; Прилеп; Битола; Штип, како и со градовите во соседните држави, а воедно поминуваат и магистрални, регионални и локални патни правци. Всушност Велес претставува една од главните крстосници во Македонија, како во друмскиот сообраќај така и во железничкиот сообраќај. Општина Велес претставува значеан сообраќаен јазол каде што се вкрстуваат најважните патни и железнички сообраќајни правци на меѓународниот сообраќаен коридор кој ја поврзува Европа со Блискиот Исток и Северна Африка. Поради тоа сообраќајната инфраструктура има битно значење за долгорочниот стопански развој на општина Велес.

Општина Велес располага со распространета патна мрежа, која на одредени делници е недоизградена или и е потребно реновирање. Во тек се активности за подобрување на патната инфраструктура кон руралните подрачја.

Железничкиот сообраќај обезбедува патен и товар сообраќај, а се одвива преку железничкиот систем на Република Македонија. Низ општината поминуваат железничките правци:

- Скопје-Велес-Гевгелија,
- Скопје - Велес-Прилеп-Битола
- Скопје - Велес-Штип-Кочани.

Поврзаноста на Општина Велес со аеродромот Александар Велики е преку автопатот Е - 75. Аеродромот Александар Велики е оддалечен 38 км од Велес.

## 2. КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

- **Урбанизам и индустриски зони**

Општината има донесено нов ГУП кој е усвоен од страна на МЖСПП со кој се планира користењето на просторот на територија на општината.

Општината планира изградба на 5 индустриски зони од кои Караслари е со важечка урбанистичка докумантација. Приоритет во Стратегијата е донесување на комплетна урбанистичка документација за зоните каде што таа не е изготвена како и инфраструктурно да се решат оние индустриски зони каде што тоа не е завршено – Караслари, Речани Елегант, Колска и Мамутчево

За потребите на локалниот економски развој на Општина Велес локалната администрација има донесено и работи на уште 4 урбанистички планови за развој и урбанизација на индустриските зони на Велес и тоа:

- **Урбанистички планови кои се на важност**

1. Локална урбанистичка планска документација за стопански комплекс со намена Г2- Лесна и незагадувачка индустрија на локалитет м.в. Ашауа, КО Караслари, и Архитектонско урбанистички проект за стопански комплекс со намена Г-2-Лесна и незагадувачка индустрија за градежна парцела 1.01 на локалитет м.в. АШАУА, КО Караслари, Општина Велес, со компатибилна намена Г3 и Г4

- 6 парцели со вкупна површина 90 149.00 м$^2$

- **Урбанистички планови во фаза на донесување**

1. **ИНДУСТРИСКА ЗОНА „РЕЧАНИ“**
   Детален урбанистички план за УЕ 2 УБ 12 со намена на градба Г2, Г3, Г4
   - 14 парцели со вкупна површина 167 668.00 м$^2$

(ПРЕМЕСТЕНО Е ВО ОВОЈ ДЕЛ ЗАТОА ШТО ДОКУМЕНТАЦИЈАТА Е ВО МЕЃУВРЕМЕ ДОНЕСЕНА)

2. **ИНДУСТРИСКА ЗОНА „ЕЛЕГАНТ“**

Детален урбанистички план за УЕ 1 УБ 3 ВЕЛЕС - ОПШТИНА ВЕЛЕС

- површина 21.65 ha

### 3. ИНДУСТРИСКА ЗОНА „КОЛСКА“

Детален урбанистички план за дел од УЕ 1, УБ 2, УБ 7 и УБ 9 – Општина Велес

- површина 44.98 ha

4. **ИНДУСТРИСКА ЗОНА „МАМУТЧЕВО“ (**Површина 56 ha)

Покрај индустриските зони, планирани се и локации за изградба на бензиски пумпи: Бензинска пумпа Чалошево, Бензинска пумпа Ветерско.

Општина Велес ги има утврдено за атрактивни туристички локации следните локации: Езеро Младост, Аква Парк (Езеро Младост), Локалитет Пешти (Долна Бабуна), Локалитет Бреза.

Со развој на индустриските зони општина Велес планира да привлече што е можно повеќе домашни и странски инвеститори на својата територија. Компаративни предности произлегуваат од:

- одличната макролокација наоаѓајки се на многу важен транзитен коридор и одличната инфратсруктурна поврзаност со сите поголеми градови во земјава и со соседните држави:
- располага со работособно населене кои со доквалификација или преквaливикација може да се користи како ресурс во новоотворените бизниси во Општината;
- развиена мрежа на социјална инфраструктура која го гарантира квалитетот на ѓивот на граѓаните;
- релативно пониска цена на земјиштето и другите недвижности и близината до главниот град;

# 3.КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА И ДРУГИ АСПЕКТИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

- **Спорт и рекреација**

Спортскиот живот во Велес  се одвива на поголем број отворени и затворени спортски терени, меѓу кои: Спортската сала Гемиџии, градскиот стадион реновиран според високи критериуми, отворениот пливачки базен, помошните игралишта во градскиот парк како и повеќе спортски сали во основните и средните училишта и повеќе спортски терени на отворено.

Спортската сала Гемиџии, која зафаќа површина од над 5.000 квадратни метри, располага со капацитет од 3.500 седишта. Овој атрактивен спортски објект располага и со канцелариски простории и деловен простор. Редовни спортски активности се одвиваат и во салата на ДТВ Партизан, претежно резервирана за гимнастичките спортови.

На Градскиот стадион се одржуваат фудбалски натпревари, а љубителите на атлетиката имаат можност да го користат стадионот. Љубителите на спортувањето во затворен простор имаат можност да ги користат капацитетите на спортските сали во училиштата Блаже Конески и Благој Кирков.

За оние што го претпочитаат пливањето, своите услуги во текот на летото ги нуди отворениот Градски базен, кога функционира и летната пливачка школа.

Во Велес особено е развиен спортскиот риболов, опфатен со активностите на Спортското риболовно друштво Бабуна. Меѓу најуспешните спортисти се вбројуваат и кајакарите и кануистите на неколку кајак клубови, со свои државни репрезентативци. Тие учествуваат на светски и европски првенства. Брегот на Езерото Младост е прекрасна природна патека за спортување и ререација. Постојат и голем број отворени спортски игралишта и паркови за рекреација.

Спортски клубови

Во Велес функционираат повеќе спортски клубови од областа на фудбалот, кошарката, одбојката, гимнастиката, велосипедизмот. Постои долгодишна спортск традиција, која последниве години повторно го интензивира спотското живеење во Општина Велес.

- **Културни манифестации и објекти –споменици на културата**

  - **Меѓународна  поетска  манифестација- Рацинови средби**

Од 1964 година, Велес е домаќин на поетите од Балканот кои, во родниот град на основоположникот на современата македонска поезија и литература Кочо Рацин, го слават битот на поетскиот збор. Покрај презентацијата на поетското творештво во рамките на Рациновите

средби се одржуваат и научни собири посветени на животот и творештвото на Рацин. На манифестацијата традиционално се доделува Рациново признание за најуспешно литературно остварување помеѓу две манифестации како и Почесното Рациново признание кое се доделува за научни трудови, преводи и други дела посветени на творештвото на Кочо Рацин. Секоја година манифестацијата се збогатува со разни содржини како настапи на музички уметници, изложби, саеми на книги. На нив учествуваат музичари и групи од Македонија и од соседството.

- **Интернационален фестивал на античка драма- Стоби**

Со цел да се зачува традицијата на античкиот театар, со изведба на антички театарски текстови на древната сцена во Стоби, од 1992 година, на иницијатива на актерите при велешкиот театар, во летните периоди се одржуваат претстави во античкиот амфитеатар. Од 2001 година оваа традиција прерасна во Меѓународен фестивал на античка драма, која секоја година привлекува се поголем број театарски уметници од светот. Фестивалот е атракција не само за велешани, туку и за љубителите на театарот од целата држава за што сведочи огромниот број на посетители кој се движи од 2.500 до 3.000 по претстава. На Фестивалот традиционално се доделуваат: награда за најдобра претстава, награда за режија и награди за најдобри актери. Древната сцена во Стоби е особено привлечна за театарските уметници поради можноста за креација на вистински спектакли во древниот амбиент на античкиот амфитеатар и оживување на текстовите.

- **Интернационален фолклорен фестивал- Велес**

Долгата традиција на негување на македонскиот фолклор во Велес ги поттикна културните работници да го основаат **Интернационалниот** фолклорен фестивал - Велес. За првпат фестивалот се одржа во 2004 година со учество на фолклорни ансамбли од Македонија, Бугарија, Словенија, Србија и Црна Гора. Фестивалот го привлече интересот на јавноста со богатиот фолклорен колорит на народите и убавината на народното музичко творештво што фолклорните ансамбли ги презентираат на повеќе локации во градот. Особено внимание кај посетителите привлекува дефилето на учесниците на фестивалот низ велешките улици.

- **Ликовна колонија- Папрадишки мајстори**

Ликовната колонија - Папрадишки мајстори, која порано се одржувала во селото Папрадиште, е преселена во Велес во спомен-куќите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот и Касапови кои се целосно реновирани.

Ова е единствена колонија што се одржува на територијата на Велес во организација на Општината. Целта на Колонијата е промоција на Велес како културно место со традиција и вредности.

- **Питијада**

Питијада е манифестација посветена на велешката пита – пастрмајлија, која во Велес се изработува од 1869 година за што постојат пишани документи. Велешката пита – пастрмајлија е карактеристичен специјалитет се изработува по традиционален рецепт во кој покрај тестото, месото се додаваат и јајца, а специфичниот и препознатлив мирис и вкус доаѓа од пастрмата. Питијадата, во есенските месеци октомври и ноември, се одржува веќе 13 години. Таа стана препознатлив бренд како во рамките на Република Македонија, така и во странство. Во текот на нејзиното одржување се случуваат промоции на вино и широк спектар на културно забавни настани.

- **Сакрални објекти**

**Храмот Свети великомаченик Пантелејмон**, се смета за еден од бисерите на сакралната архитектура на Балканот. Во 1840, под ридот Вршник, ја изградил големиот градител Андреја Дамјанов со своите браќа. Црквата е трибродна базилика со големи димензии и пространа галерија од сите страни на катот. Дел од декоративните елементи се изработени во византиски стил, а дел имаат обележје на барок. Црквата е позната по прекрасната акустика добиена како резултат на вградувањето на грнчарски производи во ѕидовите како и користење на лушпи од јајца во малтерот. Од 2009 година Свети Пантелејмон е прогласен за светец заштитник на градот Велес.

**Црквата Свети Спас** е изградена во подножјето на ридот Свети Илија. Се претпоставува дека потекнува од 14 век, а е обновена во 19 век. Последните зографски работи ги извел прочуениот велешки зограф Ѓорги. Во јужниот дел од црквата се наоѓаат гробници на видни граѓани, добротвори на црквата. Во дворот на црквата е и гробот на преродбеникот Јордан Хаџи Константинов - Џинот. Иконите и иконостасот во црквата по големина се еднакви и претставуваат симетрично декоративна целина. Иконата на Ное потекнува од 1817 година. Иконата на свети Петар и Павле датира од 1819 година. Камбанаријата не е постара од 1912 година.

**Црквата Света Богородица -** се наоѓа на источната страна од градот. Црквата ја изградило немнозинското влашко население во периодот 1874 - 1905 година, по што е позната и уште како Влашка црква. На завршните работи на црквата работела тајфата на прочуениот мајстор Дамјан, синот на Андреја Дамјанов, еден од најистакнатите градители на сакрални објекти на Балканот.

**Црквата Свети Кирил и Методиј** се наоѓа во центарот на градот, во Младинскиот парк и е дело на архитектот Тодор Паскали од Охрид. Таа е со византиски стил, еднокорабна со кршен камен и камбанарија, која е надвор од објектот. По сто и педесет години откако во Велес е изградена последната црква, повторно се градат храмови. Иконостасот во велешката црква има димензии од 10 метри и висина 5 метри и е од парено ореово дрво, а е изработен од познатиот македонски копаничар Љубомир Бисин. Иконостасот е со библиски мотиви. Црквата, според архитектонскиот израз, претставува еден од највеличествените сакрални објекти.

**Црквата Света Петка** се наоѓа на излезот од Велес, во правец кон југ, од десната страна за патот кон Гевгелија. Ова здание првин беше параклис, за некаде во деведесеттите години од минатиот век да се преуреди и догради во помала црква.

**Црквата Свети Никола е** доградена на околу стотина метри јужно од манастирот Свети Димитрија, надвисната над самиот пат. Набљудуван од надворешна страна, овој храм повеќе наликува на одбранбена тврдина отколку на сакрален објект. Според фреските на ѕидовите, се претпоставува дека црквата потекнува од 14 век. Црквата Свети Никола, е сукцесивно реновирана.

**Манастирот Свети Димитрија** е сместен на околу два километра јужно од градот. Тој бил изграден во 14 век и затрупан во времето на османлиското владеење. Манастирот, посветен на Пресвета Богородица, бил затрупан 469 години, а неговиот денешен изглед датира од 1855 година. При раскопувањето на манастирот откриен е споменик на камена плоча кој датира од 14 век. Според архитектурата, се смета дека манастирот потекнува од српскиот период. Црквата е еднокорабна со тристрана апсида однадвор и нартекс од западната страна каде што се издигнува кула со камбанарија. По падините на висорамнината, кои се спуштаат кон манастирот, се среќаваат урнатини, остатоци од стариот пајонски град Вила Зора, кој се споменува во 3 век пред Христа.

**Манастирот Свети Јован Крстител** се наоѓа на 25 км северно од Велес во близина на патот кон Скопје, на падините под селото Ветерско. Се претпоставува дека манастирот е изграден во 1670 година. Според написите на големиот македонски преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот, овој сакрален објект во средината на 19 век, поседувал голема библиотека со ракописии, печатени книги што укажува дека во манастирот престојувале монаси кои препишувале црковни текстови, собирале ракописи и укоричувале книги што се користеле за културно и просветно издигнување на самите калуѓери и месното население.

- **Капацитети за развој на туризам и угостителство**

Во најголемиот дел од рестораните во Велес доминира македонската кујна, која е репрезентативна кујна на Балканот. Особено атрактивни за туристите и посетителите се рестораните со специфичен етно амбиент кои нудат традиционални македонски специјалитети меѓу кои тавче гравче, турли тава и елбасан тава, мусака, селско месо, таратур, велешко колпиде, велешка пастрмајлија, ѓозлеме... Сепак, многу често на менито во рестораните има комбинација на национални и специјалитети од најпознатите европски и светски кујни. За комуникација со персоналот, освен на македонски, можете да се служите со англискиот или со некој од јазиците од соседните земји.

**Хотел Романтик**

Лоциран на северо-источниот брег на Велешкото Езеро и на само 9км од центарот на Велес,

**Хотел Брод Панини**

Бродот Панини претставува модерен угостителски објект, направен 2009г. **Мотел Монтенегро**

**Мотел Монтенегро Ревиера**

Се наоѓа на исклучувањето од автопатот Скопје- Велес. Монтенегро Ривиера е високо стилски мотел кој располага со 11 соби. Располага и со конференциска сала со капацитет од 40 места.

- **<u>Граѓанско општество</u>**

Во Општина Велес активно делуваат здруженија на граѓани од кои :
- 5 организации од национален карактер
- 50 организации од локален карактер.

# 4.СОСТОЈБА И КАПАЦИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МСП

**Национален контекст**

Моменталната состојба во поглед на потенцијалите за развој на секторот на МСП и претприемништво се карактеризира со низа мерки и активности за унапредување на бизнис климата во Република Македонија. Оттука, и наодите во извештајот на Doing Business за 2013 година укажуваат на поволната бизнис клима со што Република Македонија е меѓу десетте најдобри за започнување на нов бизнис и помеѓу триесетте најдобро рангирани бизнис клими[1]. Законската рамка која го регулира развојот на претприемништвото и секторот на МСП е усогласена со европските стандарди и е во прилог на растот на бизнисите[2]. Постоечките финансиски институции даваат поддршка на претприемништвото, но и дополнително се спроведуваат кампањи за промоција и подигнување на јавната свест за придобивките од развојот на претприемништвото.

Мерките и активностите кои се спроведуваат во областа на претприемништво и развојот на МСП се во надлежност на: Министерство за економија на Република Македонија, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Комитетот за иновации, технологија и претприемништво, Фондот за иновации и технолошки развој и Националниот совет за претприемништво и конкурентност, а се составен дел на следниве национални политики:

- Национална стратегија за развој на МСП (2002 – 2013)
- Програма за конкурентност, иновации и претприемништво (2014)
- Стратегијата за иновации на Република Македонија (2012 – 2020)
- Индустриската политика на Република Македонија (2009 – 2020)
- Матрица на иновативната унија за Република Македонија (2010)
- Националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005 – 2015)
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009 – 2019)
- Стратегија за промоција на извозот
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија

Анализата на политиките и состојбата во областите на претприемништвото и МСП во Република Македонија (кои како решенија, (мерки и активности во основа се креираат и донесуваат на национално ниво) укажува на можностите за подобрување на поддршката за развој на секторот од страна на самите општини кои на локално ниво можат да ги приоретизираат прашањата, а со тоа и да ги насочат расположливите ресурси кон реализација на мерките и активностите за развој на претприемништвото и МСП. При изработката на оваа стратегија, со анализата на постојната состојба со претприемништвото и МСП во општина Велес се зедоа предвид постојните предизвици и проблеми, но и потенцијалните чекори потребни за истите да се надминат, согласно позитивни компаративни искуства, а во служба на развојот на МСП во општина Велес.

## 4.1 СОСТОЈБА ВО ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Надлежности на Општината за Локален економски развој

Листата на надлежности од областа на локалниот економски развој за кои што е надлежна општината се регулирани во член 22 точка 3 од Законот за локалната самоуправа[3]:

- планирање на локалниот економски развој;
- утврдување на развојните и на структурните приоритети;
- водење на локалната економска политика;
- поддршка на развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и, во тој контекст, учество во воспоставувањето и во развојот на локалната мрежа на институции и агенции; и
- промовирање на партнерства.

Истражувањето во областа на претприемништвото и развојот на МСП, спроведено за потребите на оваа Стратегија, преку креираните прашалници ги опфаќа ставовите на компаниите и граѓаните од Општината во поглед на условите и потенцијалите за развој.

Со оглед на тоа што постојат малку фокусирани истражувања и податоци кои се однесуваат конкретно на состојбите во општина Велес, во оваа анализа се земени во предвид веќе постоечките податоци и истражувања на национално ниво кои се дополнети со сознанијата добиени од истражувањето спроведено за потребите за

подготовка на оваа Стратегија, а се однесуваат на состојбата за развој на претприемништво и МСП и во општина Велес.

Според податоците од Државниот завод за статистика кои се добиени од Централниот регистар на РМ, состојбата со бројот на деловни субјекти во општина Велес е прикажан на следниот графикон[4]:




Според податоците од графиконот може да се заклучи дека бројот на мали претпријатија бележи намалувачки, додека бројот на микро претпријата бележи зголемувачки тренд во изминатот 5 годишен период.

Според националната класификација на дејности - НКД која е усогласена со Европската класификација на дејности - NACE Rev.2 структурата на деловни субјекти по дејности во општина Велес е прикажана на следниот графички приказ:




Според презентираните податоци може да се забележи дека најголемиот дел од деловните субјекти отпаѓаат на, трговијата на големо и мало (40%), преработувачката индустрија (11%), транспорт и складирање (9%), објекти за сместување и сервисни дејности со храна (6%) и земјоделство, шумарство и водостопанство (6%).

#### 4.1.1 Наоди од теренското истражување – бизнис сектор

Наодите од истражувањето и анализата на состојбата се темелат на податоците добиени од доставените прашалници на (постојни и потенцијални) претприемачи, претставници (сопственици и управители) на мали и средни претпријатија и граѓани од општината, како и преку спроведените полу-структурираните интервјуа и работилници со претставници на

јавниот и приватниот сектор, невладиниот сектор, научно-образовните институции, регионалната стопанска комора и граѓаните на општина Велес.

Од испитаниците (претставници на бизнис секторот), истражувањето ги даде следните резултати:

- Најголем процент од испитаниците од бизнис секторот во Општина Велес се сопственици, управители или менаџери на компаниите, чија дејност е во: градежната индустрија, услужниот сектор (книговодствени услуги, проектирање, консалтинг), винска индустрија (производство на грозје и вино), информатичката технологија, дрвна индустрија, здравство, лесната преработувачка индустрија и прехранбената индустрија. Од аспект на производите и услугите, испитаните компании нудат: градежни материјали, производство на грозје и вино, производство на прехранбени производи, амбалажи, здравствени услуги, интелектуални услуги, печатење.

- Од вработените во овие компании, 30% работат со полно и 70% ангажираат надворешни соработници. Најголем дел од вработените (над 75%) спаѓаат во возрасната група од 35-44 години, додека пак останатите се во возрасната група 45-59 години.

- Во поглед на пласманот на понудените производи и услуги, компаниите пласираат 80% на национално ниво, 90% во рамки на општината и во околината, и 5% на надворешен пазар.

➢ **Потреби на бизнис заедницата во Општина Велес**

Од расположливата работна сила, по прашање на задоволување на потребите и барањата на бизнис заедницата, 50% од испитаниците сметаат дека работната сила која се нуди на пазарот одговара на нивните потреби и барања. Останатите 50% пак, се задоволни, но сметаат дека потребна е дополнителна обука и доквалификација.

Во поглед на потребните вештини и обуки кои би и помогнале на бизнис заедницата за подобрување на квалитетот на работењето на нивниот персонал, испитаниците ги наведоа потребите од вештини во нови технологии за производство, менаџмент со човекови ресурси, англиски јазик и финансиски менаџмент.

Од испитаните компании во Општина Велес, 33,33% од компаниите членуваат во некое деловно здружение или стопанска комора, додека пак 66,67% не се членки во здруженија од таков тип.

- **Оценка на работата на општинската администрација**

Од испитаниците 30% сметаат дека одделението на ЛЕР и општинската администрација функционира добро, 60% сметаат дека обезбедувањето на обука и експертиза за бизнис е недоволно. Од истите, 40% сметаат недоволно функционираат процедурите за бизнис, 70% сметаат дека нема доволно информации за можности за развој на бизнисот, а 30% сметаат дека патната инфраструктура (локални патишта во општината) се во служба на бизнисите. Според податоците, 40% сметаат дека телекомуникациските мрежи и услуги функционираат добро, а за комуналните услуги (водовод, канализација) 30% сметаат дека функционираат на доволно ниво. Кога станува збор за управувањето со отпадот поеднаков процент на испитаници 37,50% мислат дека работат добро, 42,86% сметаат дека секторот за енергија функционира многу добро.

Од испитаниците 25% сметаат дека секторот за реформа на политиките за локално оданочување работи добро во општина Велес, а 30% сметаат дека јавните услуги фунцкионираат добро и 33,33% сметаат дека квалитетот на живот е на задоволувачко ниво.

Во поглед на приоритети кои локалната администрација треба да ги има во периодот од следните 3-5 години со цел да го забрза локалниот економски развој, а воедно и да се подобрат условите за функционирање на МСП, испитаниците ги дадоа следните предлози: подобра соработкана локално ниво, поширока клиентела т.е. зголемување на пазарите, странски инвеститори со домашните инвеститори да бидат на исто ниво, подобрување на патната и комуналната инфраструктура, обезбедување на јавна депонија за отпад од животинско потекло.

#### 4.1.2 Наоди од теренското истражување – граѓани

Од испитаните граѓани од Општина Велес (58% мажи, 42% жени), 12% се на возраст од 20-30 години, а 54% се на возраст од 31-40 години, 31% се на возраст од 41-50 години. Во поглед на образованието 78% се со високо образование, а 22% се со после-дипломски студии. Сите испитаниците живеат повеќе од 10 години во Општина Велес.

- **Оценка на Општината и општинската администрација**

Од испитаниците 44% сметаат дека природна средина и окружување во општината функционира добро. Потоа, 57% сметаат дека квалитетот на комунални услуги е добар, а 64% сметаат дека нивото на опременост и постоење на јавни установи (училишта,

болници, градинки итн.) е задоволувачки. Анализата покажува дека 60% пак сметаат дека ниво на развој на локалната економија е на исто добро ниво. Кога станува збор за релации за соработка со соседните општини (економски, културни итн.) 53,5% од испитаниците сметаат дека треба да се подобри, а 38% сметаат дека начинот на кој се управува со општината е на добро ниво.

Според испитаниците 67,5% сметаат дека локалната самоуправа може повеќе да се вклучи во економскиот развој на Општина Велес, а 12% сметаат дека таа доволно е вклучена.

**Проблеми со кои се соочува Општината**

Кога станува збор за проблемите со кои се соочува општината, граѓаните сметаат дека најзначајните проблеми се во сообраќајот и инфраструктурата (38%), индустријата (14%) и комуналните услуги - водовод, канализација, собирање и депонирање на отпад, итн. (42%).

**Ресурси**

Од испитаниците 60% сметаат дека локалната самоуправа (администрација) треба да најде средства со кои ќе го поттикнува економскиот развој на општината од Буџетот на локалната самоуправа и сметаат дека има значајно влијание, 36% сметаат дека треба да се од државен буџет и го оценуваат како многу значајно, 45% сметаат дека треба да се најдат средства од меѓународни фондови и сметаат дека надворешно финансирање (ЕУ, Светска Банка, останати) ќе влијаат значајно.

Според испитаниците како најважни и најзначајни области за економскиот развој се индустријата (77%) и туризмот (71%), а како најважни и најзначајни области за можности за вработување се традиционалните изработки (81%) и занаети и индустријата (70%).

**Потенцијали за економски развој**

Во поглед на економскиот развој на општина Велес, 15% сметаат дека малопродажбата е доста важна за економскиот развој, а 24% сметаат дека големопродажбата е важна. За 33,33% од граѓаните, транспортот е важен за економскиот развој. Од испитаниците 55,56% сметаат дека градежништвото е важно за економскиот развој, 44,44% сметаат дека туризмот е многу важен, 43% сметаат дека информатичката технологија и електрониката

се важни за економскиот развој. Кога станува збор за телекомуникациите 55% сметаат дека се важни за економскиот развој.

Во поглед на приоритетните мерки кои треба да ги превеземе општина Велес за да се подобри економската состојба, граѓаните ги наведоа следните: да се нудат поволни кредити за бизнисите, да се зголемат странските инвестиции, поттик за зголемување на производството, задржување на младите во Велес со нови работни места, развој на туризмот со оспособување на комплексот Езеро Младост, подобрување на културно-спортскиот живот и понуда, како и анимирање и поголемо вклучување на граѓаните во креирањето стратегии за локален развој.

#### 4.2 ФУНКЦИИ И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ОД АСПЕКТ НА ЛЕР (ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ)

Една од најважните цели за поттикнување на економскиот развој во општина Велес, претставува капитализацијата на расположливите ресурси и поддршката за секторите и социјалните групи кои имаат тешкотии во пристапот кон основните економски и финансиски ресурси. Намената на оваа функција опфаќа голем број на цели и треба да има за задача да тежнее кон еднаква застапеност на услуги кои ќе ги обезбедува општината за приватниот и јавниот сектор.

Како најбитни специфични цели во делот на обезбедувањето на услуги за ЛЕР може да се издвојат следните:

- Поддршка за интеграција и координација на локалните институции и здруженија кои имаат взаемна визија за локалниот економски развој,
- Промоција на малите и средни претпријатија,
- Планирање, развој и воведување на услуги за јавни и приватни субјекти кои ќе го поддржат локалниот економски развој на општина Велес.

За успешно спроведување на овој процес за енгогениот потенцијал на општина Велес, најпрво потребна е усогласеност во дијалогот помеѓу локалните институции, приватниот сектор и граѓаните. Во рамките на оваа стратегија се развиени планови за економски развој кои ќе вклучуваат: претприемачки активности, развој на инфраструктурата и урбанистичкото планирање, пристап и менаџмент до финансиски средства, можности за истражување и развој, како и обезбедување на можности за обука за стекнување на потребните вештини на локалниот пазар на труд.

Во анализата на можностите за локален економски развој посебно внимание се обрна на потребите на социјално ранливите групи и на одредување на нивото и можностите за надминување на сиромаштијата кај одредени категории на ранливи групи во општина Велес. За поттикнување на инклузијата на ранливите групи направени се економски планови на регионално ниво за зголемување на нивото на претприемачката култура со кои се очекува да се постигнат резултати на среден и подолг рок.

#### 4.2.1 ФОРМИ НА ПОДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Најсоодветни форми на подршка за развој на претприемништвото и развојот на МСП во Општината се :

- Развој и уредување на индустриски зони
- Формирање на јавно-приватни партнерства.
- Обезбедување на едукативни работилници за можностите што ги нуди претприемништвото и самовработувањето
- Се препорачува општината да ги користи и формите на поддршка на приватниот сектор преку МИР (Мрежата за инклузивен развој) и НВО кои организираат обуки, работилници или други форми на промоција на претприемништвото, можностите за самовработување и користење на програмите кои ги нуди централната власт преку своите институции (АВРМ, Министерство за економија, Агенција за претприемништво и др.).

Поддршката на развојот на претприемништвото и МСП да се темели на 2 столба: цврсти и меки мерки.

Цврсти се инвестициите во индустриски зони и привлекување на инвеститори на својата територија.

Меките мерки се насочени на: соработка со МИР и НВО во организирање на работилнци, средби со граѓани и други форми преку кои ќе врши запознавање со програмите кои се нудат или да им се овозможи обука за отпочнување на претприемнички потфат (бизнис план, сметководство, регулатива и сл.) .

#### 4.2.2 ПЛАТФОРМИ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЛЕР

Општината своите активности во делот за ЛЕР ќе ги темели на активности со кои се создава на амбиент поволен за инвестирање и развој на бизнис и амбиент поволен за живот на граѓаните.

Како заедничка платформа за развој на индустријата, туризмот и земјоделството е поддршка на развојот на **МСП кои можат да се формираат во секој од идентификуваните сегменти, така што со индивидуалните претприемнички иницијативи ќе се развијат проекти (производи и услуги) кои се одржливи за основачите и атрактивни за корисниците.**

Подобрувањата во обемот и квалитетот на услугите во областа на инвестициите и заштитата и унапредувањето на животната средина, подобрување на комуналната и социјална инфраструктура, како и негување, развој и унапредување на постојното културно наследство и други социјални активности кои се во надлежност на **општината**, односно во соработка со **невладин сектор, кој претставува докажана форма на приближување на општинските активности до граѓаните.**

### 4.3 НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

- ***Развој на локална економија ставајќи го во функција економскиот потенцијал на општината.***
- ***Фокус на локалната стратегија за економски развој во сегментот на претприемништвото и развој на МСП треба да придонесе за намалување на невработеноста, посебно кај младата популација и ќе треба да се темели на неколку столбови и тоа:***
  - ***Привлекување на инвестиции (СДИ и домашни) и отварање на нови микро и МСП како и подршка на претприемништвото во целина;***
  - ***Зголемување на можностите за самовработување и***
  - ***Создавање на можности за развој на женско претриемништво***

Сегменти на локалната економија кои нудат пропулзивни можности за ЛЕР на Велес се:

- ***Развој на лесна незагадувачка индустрија***
- ***Изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти;***
- ***Донесување на комплетна урбанистичка документација за зоните каде што таа не е изготвена како и инфраструктурно да се решат оние***

***индустриски зони каде што тоа не е завршено – Речани 2, Речани Елегант, Колска и Мамутчево***

- ***Развој на туризмот (ревитализација на стари занаети, развој на селективни форми на туризам)***
- ***Изработка на техничка документација и изградба на мала туристичка инфраструктура***
- ***Ревитализација на туристички објекти од културно наследство***
- ***Поддршка и развој на земјоделството***
- ***Заштита на животна средина***
- ***Понатамошен развој на комуналната и социјалната инфраструктура (во градот и населбите во околината Велес) со приоритет изградба на затворен пазар и трговски центар.***

## 5.СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Туризмот во општината Велес претставува еден од секторите кој заслужува посебно внимание. Поради тоа се преземаат мерки и активности на планот на унапредување на оваа дејност. Имено, во соработка со Вардарскиот регион туризмот е определен како приоритетна дејност. Ваквиот третман се должи на богата, атрактивно- ресурсна основа со изразити потенцијали, солиден кадровски потенцијал, угостителска традиција и организациска посветеност и свест за значењето што го има туризмот како дел од општествено-економскиот развој и како фактор кој може да поттикне вакви процеси во други дејности и гранки. Дел од потенцијалите се активирани и ставени во функција. Меѓутоа, постои отворен простор за стратешки пристап за унапредување и позиционирање на оваа дејност како важен развоен чинител. Тоа се однесува како на тие што ги поседува, а досега не ги искористила, така на нови содржини. Туристичките потенцијали кои ги поседува и кои се инвентаризирани можат и да се активираат преку нивната валоризација, примената на моделите на нивно менаџирање, утврдување на носителите на развојот и осмислувањето на формите на туристички производи кои би нашле место на туристичкиот пазар. Велес е општина во која позитивниот однос кон туристичката активност има долга традиција. Тоа значи дека туризмот има високо место во развојните планови.

На овој план се реализирани и конкретни проекти. Но, транзициските процеси и приватизацијата оставиле сериозни последици, така што е неопходен нов пристап во креирањето на туристичката политика, базирана на издржана стратегија.

Општината Велес е карактеристична по забележителното природно и културно наследство кое претставува основна атрактивност за развој на туризмот. Во прилог на развојот на туризмот оди извонредната комуникативност на овој простор. Комуникативноста се однесува како кон општините во Вардарскиот плански регион, така и кон другите просторни целини во Република Македонија кои можат да бидат емитивни средини, односно средини од кои можат да се очекуваат домашни туристи. Скопскиот регион кој е и најголем емитивен простор се наоѓа во непосредна близина. Тоа е голема предност на оваа општина бидејќи е забележителна пристапноста кон туристите. Исто така, треба да се констатира дека магистралниот правец Е-75 е главната оска на комуникации во Република Македонија што значи дека општината претставува гравитационен центар. Во оваа смисла посебно е важна комуникативноста со емитивните средини надвор од Република Македонија бидејќи општината Велес може да ги користи предностите што ги дава аеродромот „Александар Велики“. Тоа е забележителна отвореност кон Светот.

Транзитниот карактер на туристичко – географската положба на општината е сам по себе туристичка вредност, но исто така и вредност која овозможува транзитните патници да се задржат во локалитетите во оваа општина. Во функција на туризмот се наоѓаат забележителни природни и културни атрактивности што зборува за комплексност која овозможува интензивен развој на туризмот. Во таа насока се заштитените подрачја и објекти и културните локалитети кои опфаќаат

вредности кои се од почетоците на човековата култура до современиот период. Развојот на туризмот во оваа општина треба да овозможи подобрување на квалитетот на живеење на населението и да претставува поттикнувач на идни флуктуации на патници и туристи кои ќе ги користат оптимализираните вредности. Поради тоа, Стратегијата за развој на општината во областа на туризмот нераскинливо е поврзана со уредувањето на просторот, решавањето на урбаните, инфраструктурните и комуналните проблеми, подобрување на инвестиционата клима, уредување на излетнички места и пикник – локации и генерално хуманизирање на просторот во функција на оваа дејност.

Покрај високиот степен на урбанизација треба да се констатира дека постојат средини во општината кои поседуваат рурален карактер и релативно висока застапеност на земјоделски површини со агро-културен карактер. Тие се основа за диференцијација на посебни стратешки цели кои треба да ги поврзат ваквите вредности со креирањето на туристичка понуда и конкретни туристички производи.

Општината е активна во пристапот за унапредување на туризмот, така што презема мерки и активности во насока на користење на ресурсите на начин од една страна да се заштитат, а од друга страна да се унапредат.

Овие преземања се однесуваат на интер-општински план и на меѓуопштинска соработка. Во рамките на меѓуопштинската соработка во областа на туризмот, општината Велес тесно соработува со Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

На меѓународен план општината е активно вклучена во проекти од сферата на туризмот. Тоа го реализира преку потпишување на билатерални и мултилатерални договори за соработка со општини кои имаат забележително искуство во управувањето со туристичките ресурси и спроведувањето на туристичките политики.  Овие искуства и овозможуваат да има активен однос кон проектите чии донатори се организации за развој како од Обединетите Нации, регионални организации и организации на земји кои се заинтересирани за унапредување на туризмот како економски акцелератор и општествено – хуманистичка проблематика.

Посебно треба да се истакне учеството на општината во проектите на ИПА и ИПАРД фондовите со чија помош се овозможува добивање на конкретни уредени локалитети и објекти. Од анализата која ја вршевме преку интервју со засегнатите страни можевме да констатираме дека се изразува релативно висок степен на оценка на квалитетот на услугите. Тоа посебно се однесува на уредувањето на зелени површини и паркинг простор. Општината вложува напори да овозможи полесен пристап и престој. Ова посебно се однесува на инфраструктурните зафаќања. Голем дел од познавателите на приликите сметаат дека е неопходно унапредување на туристичката дејност, посебно во областа на вработувањата во туризмот и креирање на модели на претприемништво кои ќе овозможат користење на средства како од Владата на Република Македонија, така и од донаторски организации за подобрување на состојбите.

Општината во рамките на своите ингеренции релативно добро се справува со проблемите од комунален карактер и заштита на животната средина, унапредување на културното наследство и спортско – рекреативните кои се основни услови во функција на развој на туризмот.

Добиените сознанија во областа на туризмот покажува дека постои основа да се пристапи кон унапредување на оваа дејност, но дека во изминатиот период на овој план не е доволно направено. Стратегијата е добра прилика да се мобилизира младата и посебно стручна популација да генерира партнерства за да се воспостават модели на претприемништво кои ќе повлечат иницијативи во областа на туризмот. Тој треба да биде интегративна дејност не само во сферата на економскиот, туку и вкупниот општествен и културен развој.

Анализата на сондажите ни овозможува да ги идентификуваме значајните предности и недостатоци за развој на туризмот во општината. Како основен недостаток во оваа насока е слабата ангажираност на бизнис – секторот во создавање на нова туристичка понуда и запоставеност на досегашната туристичка супраструктура. Како потреби се идентификувани натамошното уредување на локациите за туристички развој и воспоставување динамични врски помеѓу чинителите на туристичката дејност во општината. Најголем дел од познавателите на прилики смета дека е многу важно да се има современ стратегиски пристап во оваа сфера и туризмот да најде свое место во интегративниот социјален и економски развој на општината.

Усогласување на идентификуваните туристички вредности со валоризираните содржини во рамките на планските документи за развој на туризмот е основа за да можеме да ги согледаме состојбите и капацитетите за развој на туризмот во општина Велес. Тоа ги опфати постојните ресурси кои претставуваа база за развој на туризмот и се дел од досегашните програмски документи во современите услови. Користењето на ресурската основа како од гледна точка на нивно активирање и на внесување на нови содржини е основна парадигма во туристичкиот развој на општината во наредниот период.

## 5.1 ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

Истражувањата кои ги вршевме ни овозможија да ги утврдиме вредностите во општината што можат да се искористат за развој на селективни форми туризам. Нивните карактеристики упатуваат на формирање на содржајна туристичка понуда. Таа ќе биде основа да се осмислуваат типски, интертипски и програмски форми на туризам.

Наведените и утврдените вредности не можат во вака краток временски интервал да се ставаат во функција. Меѓутоа, во интерес на стратешкиот пристап потребно е да се изврши инвентаризација и валоризација, а во процесот на определување на приоритети да се најде место во идните планови за реализација.

**Табела бр. 7 - Капацитети како атрактивна и рецептивна основа за развој на туризмот во општина Велес**

| Вид на туристичка вредност (ресурс) | Атрактивност и функционалност | Просторна определеност, на објект и локалитет | Состојба и карактеристики |
|---|---|---|---|
| **Просторно-географска положба и поврзаност** | Транзитност | Делница низ општината на коридорот 10<br><br>Утврдени точки:<br><br>501 с. Ветерско , 502 Карабуниште, 503, 532-534 Новачани, 530 и 533 Башино село, 504 Г. Караслари, 505 , 518 Д. Караслари 519 Велес, 520 и 529 Чалошево | Постои инфраструктура која може да се употреби за инфо-точки<br><br>Составен дел на усвоената Студија за идентификација на стратешки локации за организирање на информативни пунктови долж коридорот 10 и магистралниот правец м-5 во Вардарскиот плански регион<br><br>Нема урбанистички решенија<br><br>Транзитно-туристички активности: Одмор, трговија, угостителство, сервисни услуги<br><br>Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во ВПР |
| **Природни** | 1.Излетишта | Езеро Младост | Постои документација за уредување и преземени се активности за уредување на локалитетот,<br><br>Нема урбанистички решенија,<br><br>Планирана активност во Проектот: Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во ВПР |
| | | Локалитет Пешти | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Локалитет Црн Камен | Излети, пикници , логорувања рекреативни и културни активности |
| | 2.Структурна геологија | Пашин мост | СП (предлог)<br><br>Едукативни и научни активности |
| | 3.Палеонтолошки атрактивности | Караслари: фосилни цицачи - газели и жирафи | Споменици на природата<br><br>Едукативни и научни активности, културен туризам<br><br>Најпознати наоѓалишта во Светот за проучување на пикермиска фауна Изградба на геолошка-музејски поставки |
| | | Превалец: фосилни цицачи - мајмуни, хипариони, жирафи, антилопи, газели, елени, мастодони, носорози, свињи, хиени | |
| | | Корица: морска фосилна фауна – полжави, амонити, школки, микрофауна | СП (предлог)<br><br>Едукативни и научни активности |
| | 4.Клисури | Пешти | СПР – строг природен резерват (предлог)<br><br>Едукативни и научни активности, еко-туризам, набљудување на птици, алтернативна форма – искачување на карпи |
| | | Таорска клисура | НИПР – научно истражувачки природен резерват (предлог)<br><br>Еко-туризам, хербален туризам, едукативни и научни активности, – искачување на карпи |
| | | Макаровец | СП (предлог) Палеонтолошки структури, палеолитски наоди, пештерна фауна и карстна хидрографија<br><br>Едукативни активности, спелеолошки туризам, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 5.Пештери | | културен туризам |
| | | Четири врати | СП (предлог)<br><br>Едукативни и спелеолошки активности |
| | 6.Реки | Вардар | Парцијално уреден брег, висок степен на загаденост на реката<br><br>Можности за одржување на регати, одбојка на песок, риболов, пливање и сончање<br><br>НИПР (предлог)<br><br>Еко-туризам, риболовен туризам, хербален туризам |
| | | Слив на Тополка | |
| | | Бабуна | Епигенетска клисура |
| | 7.Езеро | Младост | Уредени плажи, утврден простор за кампување, паркинг простор<br><br>Езерски туризам, пливање, спортски туризам, сончање, риболов, логорување, скијање на вода, нуркање, сурфање со летало |
| | **8.Ловиште** | **Нежилови Стени-Нежилово**<br><br>**НЕ Е ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС -** | **Слаба соработка со туристички агенции и промотивна дејност**<br><br>**Ловен туризам** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Културни** | 1. Атракции<br>1.1. Споменици<br>1.1.1. Религиозни градби - христијански | Св. Пантелејмон; Св. Димитрија; Св. Спас; Св. Богородица; Св. Кирил и Методиј; Св. Никола; Св. Јован Крстител с.Ветерско | Значајна групација на цркви и манастири. Некои од нив се на врвот на скалата на вредности од периодот кога потекнуваат (Св.Пантелејмон) Можност за тематско поврзување со други комплекси (архитектот Андреја Дамјанов) |
| | 1.1.2. Јавни градби | Саат кула | Во добра состојба |
| | 1.1.3. Историски куќи | Куќа на Касапови; куќа на Коста Солев Рацин; куќа на Јордан хаџи Константинов – Џинот; куќа на Васил Главинов | Значајна групација на традиционални куќи поврзани со важни личности за македонската историја |
| | 1.1.4. Тврдини | Велешко кале | Скромни остатоци од ѕидови од повеќе објекти |
| | 1.1.5. Археолошки локалитети | Спелеолошки локалитет Пешти; пештери Макаровец | Значајни наоди од палеолитот но со тешка достапност до пештерите |
| | 1.1.6. Меморијална архитектура | Спомен костурница; Велешки илинденци; споменик Панко Брашнар; споменик Коста Солев Рацин; споменик Гемиџии | Значајна групација на меморијална и споменичка архитектура |
| | 1.1.7. Амбиентални целини | Младински парк; Нов театар | |
| | 1.2. Музеи<br>1.2.1. Историско - уметнички музеи | Народен музеј Велес | Добра збирка, но потребно реновирање на поставките според современи стандарди |
| | 2. Настани и манифестации<br>2.1. Секуларни фестивали и настани | Рацинови средби; ИФАД Стоби,Питијада; Ликовна колонија Папрадишки мајстори; Вардарска регата „Гемиџии“, ИМПАКТ театарски фестивал, | Настани од регионален карактер сконцентрирани главно во летниот период |
| | 2.2. Фолклорни фестивали | Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3. Етнографско наследство<br>3.1. Традиционално градителство | Комплекс на куќи во месноста Варналии | Значаен комплекс на куќи од староградската архитектура |
| | 3.2. Стопански активности | Изработување на виолини – семејство Богдановски; копаничарство (Љубомир Бисин); грнчарство; самарџиство | Значајни содржини со можности за туристичка презентација во комплескот на „живо наследство“ |
| **Спортски** | 3.3. Народни носии | Велешки носии | |
| | Градски стадион<br>Спортска сала<br>Двоен терен за тенис<br>Водени спортови | Велес<br>Езеро Младост | Донесени документи за реконструкција и изградба<br>Користење на салата за културни и забавни манифестации<br>Недоволна искористеност<br>Спортски туризам<br>Донесена документација за изградба<br>Активни спортски манифестации (Вардарска регата „Гемиџии“, турнир во одбојка на песок, далечинско пливање на езерото Младост), Кајарски натпревари, Натпревари во мал фудбал, меѓународни натпревари во спортски риболов, Мотокрос |
| **Аграрни вредности** | Винарии | Локација Велес: Лозар Велес<br>Бел Вин<br>Изворно | Добра состојба<br>Вински туризам, гастрономски туризам |
| **Угостителски** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **капацитети** | Лозарство | Локација Велес:<br><br>Рурални населби – Г. Оризари, Раштани | Слаба активност во туризмот<br><br>Агро-туризам<br><br>Слаб интерес за туризам<br><br>Нема рурален туризам |
| | **Хотели 4**<br><br>Мотел 1<br><br>**Ресторани 28**<br><br>**Кафе-барови 16**<br><br>**Дискотеки 7** | Локација Велес | Добра понуда со запазување на стандардите за минимално – технички услови<br><br>Угостителска понуда, забава |

Од табеларниот преглед можеме да констатираме дека ресурската основа за развој на туризмот во општината Велес е со забележителни можности. Имено, станува збор за нагласена транзитност на просторот, природни предиспозиции и богати локалитети за уредување излетишта, структурна геологија, клисури и пештери, палеонтологија, ретки геодиверзитет и биодиверзитет, интересна хидрографија, сакрална и профана архитектура, културни манифестации и институции, рурални средини лозови насади и винарска традиција и содржајни услови за стортско-туристички активности.

## 5.2 СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Во областа на угостителството досегашните резултати се релативно скромни. Имено, се работи за општина што располага со **4 хотели, 1 мотел, 28 ресторани, 16 кафе-барови и 7 дискотеки.** Вака скромната понуда треба да се унапредува во секторот на кампингот и мотелското сместување, и посебно во проширувањето на хотелиерството.

### 5.3 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА АТРАКТИВНО-МОТИВСКИ ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Можностите за развој на туризмот во општина Велес можат да се сублимираат во следниве точки:

- Транзитен туризам (над 4 мил. транзитни туристи минуваат низ автопатот );
- Вински туризам – поврзување со винскиот пат на општините во ВПР и поврзување со европските вински патишта
- Ревитализација на стара архитектура
- Културен и сакрален туризам (реновирани се куќите на Џинот, Касапови, К.Рацин, В. Главинов, Спомен костурница)
- Рекреативен туризам (Езеро Младост, Слив на р. Бабуна, Кањон Пешти, локалитет „Бреза“)

### 5.4 НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА СЕЛЕКТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

- ***Транзитен туризам и користење на предности на Велес како транзит локација;***
- ***Приоретет за осмислување на содржини за развој на транзитен туризам околу езеро Младост и околу Мотел Македонија. Подобрување на туристичката инфраструктура околу езеро Младост (уредување на плажи, аквапаркови и други атрактивни содржини)***
- ***Можност за изградба на угостителски објекти на идентификуваните локалитети) и изградба на пристапни патишта и друга инфраструктура***
- ***Формирање на туристичко биро – можност за маркирање на 3 линии кои ке ги водат туристите кои имаат малку време да се задржат во општината до сакрални објекти, споменици на културата и природни реткости***
- ***Ревитализација на старите занаети – грнчарство***
- ***Развој на локални креативни индустрии;***
- ***Инвестирање во урбана опрема, сигналитика до значајни локации во градот. Во тој контекст набавка на мал (електричен минибус) за транспорт на туристи до потешко пристапни локации (Св. Пантелејмон)***
- ***Замена на тезгите со автентични дуќани во самиот град и на локации на автопатот кои ќе се наменат за одмарање на транзитните туристи и во кои ќе се презентираат автентични производи – грнчарски производи, рачни везови, гастрономски производи и сл.***
- ***Заштита и брендирање на велешка грнчарија, велешка пита пастрамајлија, чалгија и гемија како културни атракции во Општината.;***
- ***Партерно уредување на локалитетот на Спомен костурницата;***

- ***Илуминација на куќата на Рацин со претставување на поезијата на Рацин со светлосни ефекти;***
- ***Изградба на пристапни патишта и обезбедување паркинг до спомен куќите и сакралните објекти;***
- ***Доуредување на Младински парк меѓу новата црква и новиот театар во центарот;***
- ***Доизградба на кејот на двата брега на  Вардар и уредување на шеталиште покрај речното корито.***
- ***Трим патеки со придружни објекти во идентификуваните локалитети;***
- ***Доуредување на градскиот стадион со придружни содржини***
- ***Изградба на повеќенаменски игралишта и спортски терени.***

## 6.МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

Меѓуопштинската соработка како алтернативен начин на проведување на надлежностите, се користи во Општина Велес уште од почетокот на процесот на децентрализација во Република Македонија во 2005 година. Во таа насока, општината има воспоставено неколку практики на МОС и тоа на билатерално ниво, на ниво на микро регион со околните рурални општини, како и на ниво на Вардарскиот плански регион. Меѓуопштинска соработка е воспоставена во областа на ЛЕР, култура, противпожарна заштита, инспекциски надзор, внатрешната ревизија, даночното работење и во енергетската ефикасност.

Во соработка со останатите општини од ВПР, општина Велес има воспоставено три облици на МОС, поточно: заедничко работно тело и комисија, заедничко административно тело, како и вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

При воспоставувањето на погоренаведените практики на МОС, општина Велес има добиено стручна и финансиска помош од меѓународните организации присутни во Република Македонија (УНДП) при што одредени активности се кофинансирани со средства од буџетот на општината.

Оценката на општина Велес е дека надлежностите во областа на туризмот и комуналните дејности/инфраструктура може да се вршат поефикасно и поекономично преку воспоставување на МОС.

Потенцијални партнери за развивање на туризмот преку воспоставување на МОС се руралните општини Градско и Чашка како и сите девет општини од ВПР, додека во областа на комуналните дејности/инфраструктура како потенцијален партнер се наведува општина Чашка со која што општина Велес веќе има заеднички проекти како што е водоснабдувањето преку браната Лисиче и др.

Како најсоодветни облици на МОС за вршење на надлежностите во областа на претприемништвото, туризмот и комуналните дејности се наведуваат: заедничко работно тело и комисија и вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

Иако сите општини имаат различни потреби, приоритети и аспирации, општина Велес цени дека МОС во областа на претприемништвото, туризмот и комуналните дејности може да се воспостави со вклучување на сите општини од ВПР. Приоритетен проект за општина Велес кој што во иднина треба да се реализира е „Пат на виното“ во соработка со регионот Алзас од Република Франција, проект кој што по своја природа изискува воспоставување на МОС со одредени општини од ВПР.

За успешно развивање на туризмот, општина Велес предлага развој на транзитниот туризам преку изградба на комплекси и тоа околу езерото Младост и околу Мотел Македонија за што се

потребни дополнителни финансиски средства надвор од изворните приходи на општината кои што се недоволни.

Заедничката регионална депонија, развој на патот на виното, развој на туристички инфо центри, пречистителни станици долж реката Вардар се некои од проектите кои што може да се спроведат заедно со другите општина со цел на развој на ВПР.

## 6.1 МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА НА НИВО НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Меѓуопштинската соработка како алтернативен начин за спроведување на надлежностите на ЕЛС во рамките на Вардарскиот плански регион се користи од почетокот на процесот на децентрализација во Република Македонија. Уште поинтензивно, МОС почнува да се воспоставува и спроведува по донесувањето на Законот за меѓуопштинска соработка[5] во 2009 година.

Со финансиска и стручна помош обезбедена од страна на Министерството за локална самоуправа и меѓународните организации активни во Република Македонија (УНДП), на билатерално ниво со учество на две општини се воспоставија повеќе практики на МОС во областа на урбанистичкото планирање, даночното работење, заштита на животната средина и природата, внатрешната ревизија и др. Најчесто користени облици на МОС за заедничко спроведување на надлежностите се заеднички работни тела и комисии и договорните соработки при што се здружуваат финансиски, материјални и други средства или се испорачуваат услуги од страна на една општина за потребите на една или повеќе други општини. Мора да се наведе фактот дека во минатиот период општините од ВПР ги користеа така наречените полабави или помалку формализираните облици на МОС.

Согласно со законските одредби, при воспоставувањето на МОС, активно учествувале советите и градоначалниците на општините кои воспоставиле соработка. Истовремено, освен во спроведувањето на МОС, општинската администрација директно учествувала во планирање и подготовка на потребните акти за воспоставување на МОС за што има посетувано и специјализирани обуки и работилници.

Во рамките на своите финансиски можности, одредени практики на МОС се кофинансирани од општините вклучени во соработката и донаторите.

Од спроведената анализа на терен, може да се заклучи дека сите општини кои се опфатени со овој проект имаат воспоставено најмалку една меѓуопштинска соработка за што имаат одвојувано и финансиски средства од своите буџети.

[5](“Службен весник на Р.М“, бр. 79/09)

Врз основа на генерираните финансиски и нефинансиски придобивки од користењето на МОС, општините од ВПР за прв пат во Македонија воспоставија МОС во енергетска ефикасност и ЛЕР на ниво на плански регион. Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на општините од Вардарскиот плански регион е лоцирано во општина Неготино[6] додека заедничкото работно тело – Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион е лоцирана во Велес.

Релевантно за оваа анализа/стратегија е постоењето на меѓуопштинската Мрежа за инклузивен развој на ВПР каде што освен претставниците на единиците на локална самоуправа членуваат и претставниците на невладиниот и приватниот сектор од ВПР како и на Центарот за развој на ВПР. Мрежата има вкупно 17 члена.

Мисијата на Мрежата е да се засили координацијата на програмирањето и спроведувањето на мерките и активностите за поддршка на јавниот, приватниот и невладиниот сектор во создавањето на услови за развој на силна и конкурентна економија на ВПР, економија која ќе понуди поголеми можности за вработување и истовремено ќе ги постигне социјалните и еколошките стандарди. Преку активностите на мрежата се очекува дека ќе се намали интензитетот и последиците од нагласената невработеност и миграциите како клучен социо-економски предизвик на регионот[7].

Во текот на 2013 година, Мрежата за инклузивен развој на ВПР донесе Програма за работа на Мрежата за периодот 2014-2016 година. Во рамки на своите три приоритетни мерки во областа на 26 колективни акции од кои голем број се однесуваат на развојот на претприемништвото и туризмот и како и подобрувањето на регионалната инфраструктура.

Податоците од терен покажуваат дека општините од ВПР имаат солидно искуство во воспоставување и спроведување на МОС кое што е предуслов за понатамошно користење на оваа алатка во областа на ЛЕР и комуналните дејности особено за предложените проекти од општините кои што ги надминуваат границите на една општина.

Специфично за областите ЛЕР и комуналните дејности може да се воспостават сите облици на МОС кои што и до сега се користени од страна на општините од ВПР при воспоставувањето на соработка во други надлежности на ЕЛС.

## 6.2 ФОРМИ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА (МОС)

МОС е воспоставена со сите 8 општини во Вардарскиот плански регион преку Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион

[6] http://vardarregion.gov.mk/nova/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=71&Itemid=237&lang=mk

[7] http://vardarregion.gov.mk/nova/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=70&Itemid=260&lang=mk

МОС е поинтензивно воспоставена со соседните општини: Чашка, Градско, Лозово

МОС е воспоставена во делот на ЛЕР, енергетска ефикасност, култура, противпожарна заштита, инспекциски надзор, интерна ревизија а има потреба да се прошири во делот на туризмот, комунални дејности и инфраструктура.

Постојните форми на соработка на општините во рамни на ВПР се:

– Регионална мрежа за инклузивен развој во која членуваат претставници на одделенијата за ЛЕР од сите 9 општини во регионот, претставници на бизнис и НВО секторот.
– Заедничко работно тело и комисија
– Вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини
– Договор меѓу градоначалниците

Соработката во иднина треба да се проширува и продлабочува со други форми со цел истатат да зајакне и да биде одржлива:

– Заедничко административно тело
– Заедничко јавно претпријатие
– Заедничка јавна установа
– Здружување на финансиски, материјални и други средства

## 6.3 ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

***Препораки за развој на меѓуопштинска соработка***

- ***Воспоставената Мрежа за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион (ВПР) да се искористи за анализа и предлагање на нови проекти за развој на претприемништвото, туризмот и комуналната инфраструктура;***
- ***Постојните човечки капацитети на општините од ВПР да се искористат за подготовка на меѓуопштински проекти врз основа на претходно подготвена Процена за потреба од меѓуопштинска соработка;***
- ***Предложените проекти за развој на претприемништвото, туризмот и комуналната инфраструктура се со меѓуопштински карактер, треба да добијат приоритет пред индивидуалните иницијативи на општините;***
- ***Развој на заеднички проекти за подобрување на енергетскта ефикасност во регионот;***
- ***Развој на зеднички проекти за креирање на интегрална туристичка понуда на ВПР;***
  ***- Развој на проект „ патот на виното“***

***-Развој на туристички инфо центри во регионот и умрежување на туристичката понуда на општините на регионално ниво и со другите региони во Македонија и пошироко,***
***- Со Градско (преку локалитетот „Стоби“ за културен туризам и манифестации) и со Чашка (рурален и планински туризам) - како и сите 9 општини во Вардарскиот плански регион.***

- ***Развој на заеднички проекти за изградба на регионална депонија за отпад;***
- ***Развој на заеднички проекти за давање на општински услуги во ВПР – пред се во насока од Општина Велес кон другите помали општини како што се: Чашка и Лозово кои немаат довло капацитети за вршење на некои од општинските услуги;***
  ***Во делот на Комуналните дејности/инфраструктура да се изгради ПС во Општина Чашка (преку заедничко финансирање) со оглед на тоа што Чашка е природен регион кој секогаш гравитирал кон Велес и уште повеќе што водо снабдувањето на Велес е преку брана Лисиче_лоцирана во Чашка.***

## *7.* SWOT анализа на развој на локалната економија, туризмот и претприемништвото на Општина Велес

**ПРЕДНОСТИ**

- Располага со работна сила која има капацитет да се доквалификува или преквалификува;
- Одлична макро локација на транзитен центар – со близина до Коридор 10, 40 км до Скопје
- Има добра железничка инфраструктура и близината на аеродромот „Александар Велики“ (на 30 км од градот) и ја поврзува Европа со Средоземното море, Блискиот Исток и Африка
- Годишно, автопатот го користат околу 4 милиони туристи
- Ефикасна, обучена општинска администрација (Сертификат за поволно бизнис опкружување )
- Располага со богато културно наследство, природни атрактивности и други атрактивно мотивски фактори;
- Стабилен буџет и добар кредитен рејтинг и долгорочна финансиска стабилност;
- Поволни земјишни капацитети, климатски и хидролошки предуслови за развоја на лозарство и градинарство;
- Искусен и активен невладин сектор

➢ **Културни атрактивности**

- Значајно културно наследство од скоро сите периоди на човековата култура
- Неколку археолошки локалитети со големо

**НЕДОСТАТОЦИ**

- Сеуште има имиџ на општина која пати од некогашното загадување од страна на „Топилницата“;
- Недоизградена патна инфраструктура за пристап до атрактивните рекреативни локалитети и комунлна инфраструктура за развој на туризмот;
- Недоизградена патна и комунална инфраструктура во индустриските зони;
- Недозавршена урбанистичка документација и одобрение за градење во 4 индустриски зони;
- Несоодветни квалификации на работоспособно население наспроти барањата на пазарот на труд
- Нема туристичко биро;
- Не постои културен центар во кој ке се развиваат креативни индустрии и ќе се рехабилитираат старите занаети
- Недостиг на конзерваторски центар

➢ **Културни атрактивности**

- Лоша опременост на градбите и локалитетите за туристички посети
- Слаба инфраструктурна поврзаност на некои од спомениците
- Слаба вклученост на културното наследство за туристички посети
- Слаба заинтересираност на стејкхолдерите

значење

- Значајна групација на меморијална и споменичка архитектура поврзана со личности од национален карактер
- Богата археолошка збирка на Народниот музеј
- Комплекси на стари куќи со автентични екстериери и ентериери
- Активни манифестации со добри потенцијали за туризам
- Постоење на „живо наследство“ преку негување на традициите на занаетчиството

➢ **Рецептивни вредности**

- Постоење на сместувачки капацитети и капацитети за храна и пијалаци
- Запазени минималните материјални и технички услови
- Хетерогена угостителска понуда

за развој на културниот туризам

- Слаба поврзаност на организацијата на манифестациите и туристичкиот бизнис
- ЗАКАНИ
- Деградација на околината каде се лоцирани спомениците
- Појави на нелегални ископувања и нелегална трговија со културно наследство
- Недостаток на средства за конзервација и ревитализација на културното наследство
- Слаба рентабилност и економичност на старите занаети;

➢ **Рецептивни вредности**

- Одржување на високо ниво на квалитет на услугите во угостителските капацитети
- Слабаповрзаност со туристичките агенции
- Слаби меѓусебни врски во угостителскиот сектор
- Недоволна искористеност на можните локации за оваа намена
- Слаба застапеност на анимациски содржини во угостителството
- Слаба промотивна дејност
- Слаба искористеност на атрактивните локалитети за лоцирање на рецептивни капацитети

## МОЖНОСТИ

- Можност за менаџирање со земјиштето во државна сопственост и негова продажба по почетна цена од 1€/м2;
- Располага со индустриски зони кои ги имаат предностите на макролокацијата и со тоа големи можности за привлекување на

## ЗАКАНИ

- Слаб квалитет на железнички превоз како еден од факторите за побрз ЕР;
- Закани по здравјето на луѓето поради високите концентрации на кадмиум во почвата;
- Лоша состојба на постојните и сеуште

инвеститори на територија на Општината;

- Меѓуопштинска соработка за регионално умрежување и давње на побогата туристичка понуда;
- Меѓуопштинска соработка за изградба на патна инфраструктура и побезбедно и побрзо поврзување со соседните општини;

➢ **Културни атрактивности**

- Ангажирање на стручни лица за развој на туризам
- Отворање на регионален конзерваторски центар со седиште во Велес ;
- Вклучување на културното наследство во тематски патеки од национален и меѓународен карактер
- Близина на значајни меѓународни патни правци
- Инвестиции во капитални објекти во културата
- Промотивни програми со културниот туризам во Македонија
- Користење на домашни и меѓународни фондови за развој на културниот туризам;

➢ **Рецептивни вредности**

- Користење на транзитната фреквентност
- Вклучување во меѓународни мрежи за рецептивен туризам
- Заеднички настап на правните субјекти на туристичкиот пазар во земјата и странство
- Брендирање на рецептивата пред домашната и меѓународната туристичка побарувачка
- Користење на меѓународни средства од претпристапните фондови кон Европска Унија (на пример ИПАРД)

неизградени локални и регионални патишта;

- Ограничени можности за урбанизирање на делови покрај автопатот и нивна пренамена во градежно земјите за изградба на одморалишта за транзитни туристи и места за промоција на општината и нејзините стари занаети;
- Голема дневна миграција Велес-Скопје која поминува во трајна

➢ **Културни атрактивности**

- Деградација на околината каде се лоцирани споменициите
- Појави на нелегални ископувања и нелегална трговија со културно наследство
- Недостаток на средства за конзервација и ревитализација на културното наследство
- Слаба рентабилност и економичност на старите занаети;

➢ **Рецептивни вредности**

- Економски проблеми во земјата и окружувањето
- Политички проблеми од меѓународен карактер
- Појава на проблеми сврзани со аплицирање и користење на финансиските средства заруралeн туризам и угостителство

# 8. ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 8.1 ВИЗИЈА

Општина Велес – барана локација од голем број странски и домашни инвеститори, со ниска стапка на невработеност, здрава животна средина и развиена туристичка дестинација на транзитен туризам во Република Македонија

## 8.2 МИСИЈА

- Изградба и уредување на индустриски зони и поттикнување на развој на лесна незагадувачка индустрија
- Изработка на техничка документација и изградба и обнова на дотраената патна инфраструктура
- Целосно покривање на населените места во Општината (вклучително и туристички и рекреативни локалитети)со комунална и патна инфраструктура;
- Поголем квалитет на услуги во институциите на социјална инфраструктура – школи, градинки, здраствени установи, културни установи, старечки домови и сл.
- Развој на туризмот (ревитализација на стари занаети, развој на селективни форми на туризам)
- Развој на енергетската ефикасност
- Изработка на техничка документација и изградба на мала туристичка инфраструктура
- Ревитализација на туристички објекти од културно наследство
- Поддршка и развој на земјоделството
- Заштита на животна средина
- Понатамошен развој на комуналната и социјалната инфраструктура (во градот и населбите во околината Велес) со приоритет изградба на затворен пазар и трговски центар

## 8.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Правците во кои ке се движи локалниот економски развој на општината Велес во наредниот петгодишен период ќе биде заснован на развој на локална економија ставајќи го во функција целокупниот економскиот потенцијал на општината.

***Генералните цели на локалната стратегија за економски развој во сегментот на претприемништвото и развој на МСП се: одржлив економски развој на општината и***

***намалување на невработеноста, посебно кај младата популација. Стратегијата се темели на неколку столбови и тоа:***

- ***Зголемување на можностите за развој на претприемништво и МСП и вработливоста на човечкиот капитал, преку подобрување и унапредување на условите за работа на претприемачите и МСП и зголемување на можностите за самовработување;***
- ***Создавање на услови за поттикнување на домашни и привлекување на странски директни инвестиции;***
- ***Стимулирање (поттикнување) на креативноста и иновативноста;***
- ***Подобрување на животната средина***
- ***Развој на транзитен туризам***

За да се достигне посакуваната состојба преточена во визијата на оваа Стратегија, потребно е прашањата од областа на локалниот економски развој да се издигнат високо на листата на приоритети, а при тоа, политиката за локален економски развој и натаму да остане партиципативна, проактивна и визионерска.

## 9. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ

Во функција на остварување на **Стратешката цел 1. Зголемување на можностите за развој на претприемништво и МСП и вработливоста на човечкиот капитал, преку подобрување и унапредување на условите за работа на претприемачите и МСП** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

1.1 Создавање на база на податоци за пазарот, социо-економските карактеристики на општината и расположливите ресурси, која ќе биде на располагање на постојните и потенцијалните претприемачи и домашни и странски инвеститори;

1.2 Развој на систем за континуирана обука и тренинг, во делот на менаџментот и маркетингот како и подобрување на кадровската екипираност на МСП. Оваа мерка е неопходно да има континуитет во спроведувањето поради подигнување на свеста и придобивките од самовработување и развој претприемнички потфат, посебно редовни информативни кампањи за мерките и програмите кои ги нуди Владата на Република Македонија , преку релевантни Агенции (Агенција за развој претприемништвото, Агенцијата за вработување, Министерството за економија и др.) за поттикнување на претприемништвото и помош при самовработување;

1.3 Промовирање на Јавно приватно партнерство во општинаВелес;

1.4 Поддршка на образовни програми за претприемништво (Оспособување на претприемачите за правилно финансиско раководење на нивните почетни бизниси, промоција на моделот ученици/студенти-практиканти);

1.5 Подобрување на начините на пристап на МСП на домашниот и надворешните пазари, преку информативни брошори кои општината може редовно да ги ажурира, издава и дитрибуира до заинтересираните претприемачи ;

1.6 Зајакнување на економијата на општина Велес преку поддршка за отворање на социјални претпријатија (МИР – мрежа за инклузивен развој). Се препорачува општината да ги користи и формите на поддршка на приватниот сектор преку МИР (Мрежата за инклузивен развој) и НВО кои организираат обуки, работилници или други форми на промоција на претприемништвото, можностите за самовработување и користење на програмите кои ги нуди централната власт преку своите институции (АВРМ, Министерство за економија, Агенција за претприемништво и др.);

1.7 Континуирана едукација на локалната администрација за поддршка на претприемништвото и МСП;

1.8 Поддршка на женското претприемништво и вработување на младата популација

Во функција на остварување на **Стратешката цел 2. Создавање на услови за поттикнување на домашни и привлекување на странски инвестиции** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

2.1 Донесување на комплетна урбанистичка документација за зоните каде што таа не е изготвена како и инфраструктурно да се решат оние индустриски зони каде што тоа не е завршено – Речани 2,Караслари,Речани Елегант, Колска и Мамутчево;

2.2 Формирање на контакт точка во општината за потенцијалните домашни и странски инвеститори;

2.3 Изработка на база за податоци за потенцијалите - Greenfield и Brownfield инвестиции;

2.4 Подготовка на каталог за инвестициони можности и поинтензивна промотивна кампања на општината како бизнис дестинација на инвеститорите;

2.5 Изработка на Водич за инвестиции;

2.6 Организирање на студиски посети во странство;

2.7 Објавување и публикација на можностите за инвестирање на општинската WEB страница;

2.8 Организирање на состаноци со потенцијалните инвеститори;

2.9 Обезбедување на информации до агенцијата за привлекување на странски инвестиции и економските промотори;

2.10 Промотивна кампања за привлекување на инвеститори за специфични индустриски сектори;

2.11 Поддршка и посредување за обезбедување на потребните дозволи за домашните и странските инвеститори;

2.12 Поддршка на иницијативите за развојот на продуктивната инфраструктура и реализација на капитални инвестиции за поддршка на бизнис секторот (комунална, комуникациска и патна инфраструктура);

2.13 Развој на проекти подобрување на енергетската ефикасност

2.14 Поддршка при изработување на бизнис планови и проекти од расположиви фондови за МСП;

За остварување на **Стратешката цел 3. Стимулирање (поттикнување) на креативноста и иновативноста** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

3.1 Поддршка во ревитализација на стари занаети, преку обезбедување на материјални услови и техничка подршка;

3.2 Воспоставување на технолошкиот парк во некоја од индустриските зони, преку воспоставување контакти и поврзување со универзитети и истражувачки центри;

3.3 Поддршка на креативното претприемништво со континуирани обуки на потенцијални групи;

3.4 Поттикнување на органско и иновативно земјоделство на територијата на Општина Велес;

3.5 Посредување при обезбедување на обуки за бизнис и технологија со поддршка на расположливите ресурси на локално и национално ниво и поврзување со меѓународните ресурси за обуки (JICA, Erasmus +, IPA IV Компонента, итн.);

За успешно да се оствари **Стратешката цел 4. Стимулирање на извозот на претпријатијата од општина Велес** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

4.1 Изработка на електронски каталог на извозно-ориентирани МСП;

4.2 Зајакнување на настапот на МСП на домашниот и меѓународниот пазар, со поддршка на извозот и интернационализацијата на МСП, преку техничка помош за организирање и учество на саеми во земјава и странство и организирање на локални саеми за промоција на локалните бизниси;

4.3 Поддршка во зајакнување на професионалните организации на локално ниво (Стопанска Комора, НВО, итн);

Детален опис на проектите, временската рамка за нивна реализација, носителите на активностите, очекуваните резултати и други поединости се дадено во Акциониот план што е составен дел од овој документ.

За успешно да се оствари **Стратешката цел 5. Понатамошно подобрување на условите на животната средина** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

5.1 Изградба на ПС во општините кои гравитираат кон водните басени (посебно во Општина Чашка која нема изградено фекална канализација и претставува голема закана за загадување на водите на акумулацијата Лисиче која го снабдува Велес со вода за пиење

5.2 Приоритетно да се продолжи со активности за деконтаминација и дислокација на згурата (можност истата да се искористи при изградба на патиштата). Согласно Физибилити студијата (финансирана од ЕУ, cca 30 mil € за сите мерки) за користење на згурата да се преземаат активности за нејзино дислоцирање а како извор да се користат Европски предпристапни фондови. Во рамки на оваа активност се предвидува и

дислокација на опремата од „Топилница„ и чистење на теренот и намалување на концентрациите на кадмиум во почвата како и озеленување на локацијата.

5.3 Изградба на ПС во индустриските зони.

5.4 Да се продолжи со активности за зголемена енергетска ефикасност во училиштата и сите јавни објекти во надлежност на општината;

5.5 Изградба на регионална депонија за отпад – зеднички проект на општините од Вардарскиот плански регион.

За успешно да се оствари **Стратешката цел 6. Развој на транзитен туризам и други алтернативни форми на туризам во Општината Велес** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

6.1 Развој на Транзитен туризам и користење на предности на Велес како транзит локација преку трасирање, сигнализација, визуелизација и уредување на културни објекти и локалитети;
6.2 Формирање на инфо-центар за транзитен туризам и негово умрежување со туристичката понуда на општините на регионално ниво и со другите региони во Македонија и пошироко.;
6.3 Осмислување на рекреативни содржини за развој на транзитен туризам околу езеро Младост и околу Мотел Македонија. Подобрување на туристичката инфраструктура околу езеро Младост (уредување на плажи, аквапаркови и други атрактивни содржини);
6.4 Во рамките на урбанистилките планови да се предвиди изградба на угостителски објекти на идентификуваните туристички локалитети (Езеро Младост, Слив на р. Бабуна, Кањон Пешти, локалитет „Бреза“)и изградба на пристапни патишта и друга инфраструктура;
6.5 Формирање на туристичко биро – можност за маркирање на 3 линии кои ке ги водат туристите кои имаат малку време да се задржат во општината до сакрални објекти, споменици на културата и природни реткости;
6.6 Ревитализација на старите занаети – грнчарство со материјална и техничка подршка на општината преку обезбедување на просторни и технички можности за сместување на занаетчиите и вршење на занаетчиските работи;
6.7 Развој на локални креативни индустрии;
6.8 Проект за „вински пат“ кој може да се развие во соработка со другите општини од Вардарскиот плански регион;
6.9 Уредување на еко-туристички локалитети, излетишта и патеки во општина Велес;

6.10 Инвестирање во урбана опрема и сигналитика до значајни локации во градот. Во тој контекст набавка на мал (електричен минибус) за транспорт на туристи до потешко пристапни локации (Св. Пантелејмон);
6.11 Замена на тезгите со автентични дуќани во самиот град и на локации на автопатот кои ќе се наменат за одмарање на транзитните туристи и во кои ќе се презентираат автентични производи – грнчарски производи, рачни везови, гастрономски производи и сл;
6.12 Заштита и брендирање на велешка грнчарија, велешка пита - пастрамајлија, чалгија и гемијата како културни атракции во Општината;
6.13 Партерно уредување на локалитетот на Спомен костурницата;
6.14 Илуминација на куќата на Рацин со претставување на поезијата на Рацин со светлосни ефекти;
6.15 Изградба на пристапни патишта и обезбедување паркинг до спомен куќите и сакралните објекти;
6.16 Доуредување на Младински парк меѓу новата црква и новиот театар во центарот;
6.17 Доизградба на кејот на двата брега на Вардар и уредување на шеталиште покрај речното корито.
6.18 Трим патеки со придружни објекти во идентификуваните локалитети;
6.19 Доуредување на градскиот стадион со придружни содржини
6.20 Изградба на повеќенаменски игралишта и спортски терени;
6.21 Активности за поголема туристичка промоција на културните манифестации во Општина Велес како што се:

- Интернационалниот фестивал на античка драма „Стоби“ кој се одржува во автентичниот антички театар во Стоби и нуди можност за промоција и на останатите општини во ВР.
- Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес“ кој се одржува во Младинскиот парк;
- Меѓународната поетска манифестација „Рацинови средби“;
- Меѓународната ликовна колонија „Папрадишки мајстори“ (сликарство, вајарство, копаничарство) која се одржува во куќата на Касапови
- Гастрономски фестивал – Питијада
- Вардарска регата „Гемиџии“
- Меѓународен фестивал на алтернативен театар „Импакт“
- Мотокрос трка и мотохепенинг
- Меѓународен пливачки маратон
- Фудбалски турнири, кајакарски, велосипедски и други спортски манифестации

## 10. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за локалне економски развој на општина Велес е со траење во период од 5 години (2015-2020 година). За нејзиното имплементирање ќе се грижи општина Велес, односно Секторот за локален економски развој, заедно со другите сектори во општината, а за дел од проектите кои се предвидени како меѓуопштинска соработка реализацијата ке биде заеднички подржана од страна на општините кои учествуваат во нивна реализација како и со подршка на Вардарскиот плански регион.

Стратегијата е резултат на спроведената анализа на примарните и секундарните податоци, резултатите од спроведени анкети и непосредни интервјуа со работните групи составени од претставници на јавниот, приватниот и невладиниот сектор и во неа се вградени нивните перцепции за актуелната состојба во општината, нивните потреби и очекувања за поддршка и правците на локален економски развој, како и подготвеноста на општина Велес да излезе во пресрет на нивните барања.

За успешна имплементација на оваа Стратегијата за локален економски развој на општина Велес особено е важно да се обезбедат потребните ресурси – човечки, финансиски и материјални, предвидени во Акциониот план. За таа цел, потребно е општината да ги планира средствата потребни за реализација на проектите од Акциониот план во своите годишни буџети, со кои ќе се обезбедат потребните средства наменети за реализација на проектите.

Покрај материјалните и финансиски средства, неопходно е да се работи и на понатамошно зајакнување на капацитетот на општинската администрација за прашања од областа на претприемништво, релевантна регулатива, проектен менаџмент, апликација и водење на проекти согласно пропозициите кои се бараат за користење на претпристапните фондови на ЕУ.

Општина Велес, имајќи предвид дека голем број од проектите во Акцискиот план имаат повеќе извори на финансирање (заради неможноста на општината самостојно да ги обезбеди сите потребни средства за реализација на целокупната Стратегија), потребно е проактивно, плански и во соработка на сите чинители на локалниот економски развој во општина Велес, а под координација на Секторот за локален економски развој и Секторот за финансии, да работи на изнаоѓање финансиски средства освен од локалниот буџет и од други извори (домашни и меѓународни организации, развојни агенции, европски и други фондови, или преку задолжување за проектите кои претставувт приоритет за развој на

општината како што се инфраструктурните и проекти и проекти од областа на животната средина).

Ревизија на Стратегијата ќе се прави од страна на Секторот за локален економски развој еднаш годишно за времетраењето на Стратегијата и на крајот од периодот за кој истата е изработена.

# 11. АКЦИОНЕН ПЛАН

Акциониот план е даден во предлог проектите посебно и кумулативно ги отсликува активностите што треба да ги презеде општината и засегнатите страни во секој проект во функција на реализацијата на целта на проектот. За секоја активност утврдени се релевантните носители, како и временската рамка кога таа треба да се реализира.

Клучниот чинител на овој сплет на мерки и активности се однесува на прифаќањето и реализацијата на секој сегмент поединечно како индикатор за успешна реализација на проектот. Во таа смисла, утврдивме временски и просторни рамки за спроведување на секоја активност на проектот посебно.Имплементацијата подразбира ангажирање на сите ресурси кои ги поседува општината во различни сегменти од областа на туризмот. Тие имаат синергиски карактер иако припаѓаат на различни ресори. Советот на општината преку свои органи и тела треба да ги контролира активностите кои се однесуваат на спроведувањето на зацртаните стратешки цели, активности, донесени мерки и инструменти за спроведување. Во поглед на корективните мерки во областа на туризмот значајни се пристапите што ќе ги има инспекцискиот надзор и посебно невладиниот сектор. Здруженијата од невладиниот сектор кои се занимаваат со туризмот може да бидат значаен чинител во корективните мерки, средствата за информирање и другите засегнати страни се од круцијална важност во овој поглед. Сплетот на мерки треба да се реализира континуирано, но на одредени квартални периоди треба да се направи пресек на реализацијата и доколку има отстапувања треба адекватно да се интервенира. Носител на оваа активност треба да биде Советот на општината и изворите на финансирање на проектот.